

Граѓанска
алијанса за
транспарентност

# Прв извештај за степенот на имплементација на стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022 година

Период: февруари - јуни 2018 година

Проектот е финансиран од Европската Унија

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

ЕВРОТИНК ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ
CENTER FOR EUROPEAN STRATEGIES EUROTHINK

**CIP - Каталогизација во публикација**

Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
35(497.7)"2018"(047.31)

МИРЧЕВСКА, Марија

Прв извештај за степенот на имплементација на стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022 година [Електронски извор] :
период: февруари - јуни 2018 година / [автори Марија Мирчевска, Арта Јусуфи, Данче Даниловска]. - Скопје : Фондација Отворено општество - Македонија, 2018

Начин на пристап (URL):
http://fosm.mk/mk/Home/NewsAndActivities?catID=7&additionalID=118&year=0&month=0&fbclid=IwAR14j9cLH1b-Zd3-tpoUoYVTw2uq515Q1QsFUVH5lSgGux1oYyWIgpqJBYaw.

- Текст во PDF формат, содржи 89 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 28.12.2018. - Фусноти кон текстот
ISBN 978-608-218-281-0

1. Јусуфи, Арта [автор]
2. Даниловска, Данче [автор]

а) Јавна администрација - Стратегија за реформа - Имплементација - Македонија - 2018 - Извештаи COBISS.MK-ID 109273098

**Издавач:**
Фондација Отворено Општество - Македонија

**За издавачот:**
Фани Каранфилова-Пановска, Извршна директорка

**Автори:**
Марија Мирчевска
Арта Јусуфи
Данче Даниловска

**Уредници:**
Данче Даниловска
Марија Мирчевска
Арта Јусуфи

**Графичка подготовка и прелом:**
Игор Делов

**Дизајн на корицата**:
Игор Делов

**Превод и лектура:**
Абакус

*Извештајот за степенот на имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022 година за периодот февруари - јуни 2018 година е изработен во рамки на проектот „Граѓанска алијанса за транспарентност – Набљудување на процесот на реформи на јавната администрација од страна на граѓанските организации" кој е имплементиран од Фондација Отворено општество – Македонија и ЕВРОТИНК – Центар за европски стратегии, а финансиски поддржан од Европската унија.*
*Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Фондација Отворено општество – Македонија и ЕВРОТИНК – Центар за европски стратегии и на ниту еден начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија.*

# Содржина


Кратенки 4

1. Процес на усвојување на стратегијата за реформа на јавната администрација 2018–2022 и акцискиот план 7

2. Методолошкиот пристап 13

2.1. Ограничувања на анализата 16

3. Наоди 17

3.1. Институционална поставеност за спроведување и следење на стратегијата и акцискиот план 18

3.1.1. Политичко ниво 18

3.1.2. Оперативно ниво 19

3.2. Меѓуинституционална координација и соработка 22

3.3. Транспарентност 24

3.3.1. Комплетност и содржина на добиените одговори 25

3.3.2. Доверливост на информациите и информација во процес на формирање 26

3.4. Стратегиско планирање и координација 28

4. Учество на граѓанските организации во спроведување на стратегијата 30

5. Статус на реализација на активностите 32

6. Финансиска поддршка на реализација на активностите од акцискиот план 56

7. Заклучни коментари 63

8. Препораки 66

9. Анекси 69

# Кратенки

| | |
|---|---|
| **ВРМ** | Влада |
| **ГС** | Генерален секретаријат на Владата |
| **ДУИ** | Државен управен инспекторат |
| **ЕНЕР** | Единствен национален електронски регистар на прописи |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **eIDAS регулатива** | Регулатива за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги |
| **ЗОУП** | Закон за општа управна постапка |
| **ИКТ** | Информациски и комуникациски технологии |
| **ИПА** | Инструмент за претпристапна помош |
| **ИФЕС** | Меѓународна фондација за изборни системи |
| **ИРИ** | Меѓународен републикански институт |
| **МИОА** | Министерство за информатичко општество и администрација |
| **МФ** | Министерство за финансии |
| **МП** | Министерство за правда |
| **МЕ** | Министерство за економија |
| **МОН** | Министерство за образование и наука |
| **МЛС** | Министерство за локална самоуправа |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |
| **МО** | Министерство за одбрана |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работи |

| | |
|---|---|
| **МНР** | Министерство за надворешни работи |
| **МТВ** | Министерство за транспорт и врски |
| **МЖСПП** | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| **МЗШВ** | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| **МЗ** | Министерство за здравство |
| **НДИ** | Национален демократски институт |
| **РеСПА** | Регионална школа за јавна администрација |
| **РЈА** | Реформа на јавната администрација |
| **СРЈА** | Стратегија за реформа на јавната администрација |
| **СЗ** | Секретаријат за законодавство |
| **СЕП** | Секретаријат за европски прашања |
| **СИГМА** | Заедничка иницијатива на ОЕЦД и ЕУ за поддршка на подобрување на владеењето и управувањето |
| **УНДП** | Програма за развој на Обединетите нации |
| **УСАИД** | Агенција за меѓународен развој на САД |
| **ЦУП** | Центар за управување со промени |

# 1. Процес на усвојување на стратегијата за реформа на јавната администрација 2018–2022 и акцискиот план

# Вовед

Улогата на јавната администрација во „заробувањето на државата" може да се третира како фактор што придонесе кон политичката криза, но и како последица од други процеси и фактори што ѝ претходеа на кризата (на пример постоење на поданичка политичка култура кај граѓаните, висока стапка на толерантност кон корупција, недостаток на економска независност, користење на репресивниот државен апарат за креирање на страв кај граѓаните итн.). Од 2014 наваму, во своите извештаи за земјата, Европската комисија континуирано забележува дека постојат практики кои сугерираат појава на партизација и политизација на јавната администрација, преку наменски, политички и произволни вработувања; привремени вработувања како начин да се заобиколи редовната процедура; вработувања кои повеќе наликуваат на социјални мерки отколку на одговор на институционалните потреби. Посебна причина за загриженост е изборот и разрешувањето на управните и раководните позиции во државните органи, органите на државна управа, јавните претпријатија, регулаторните тела итн., како и на високите административни позиции, постапки кои се подложни на ризици од политички влијанија. Начинот на кој е организирана јавната администрација не обезбедува ефективна институционална одговорност и постои ризик од поклопување на надлежностите, меѓу другото, поради тенденцијата за основање институции надвор од Законот за организација и работа на органите на државната управа. Секторското планирање е предизвик за институциите, исто како и креирањето јавни политики врз основа на докази. Во минатото постоеше загриженост поради практиката на прекумерна класификација на документите, намалување на обемот и квалитетот на јавно достапните документи и генерално нискиот степен на проактивна транспарентност. Овие практики, во комбинација со исклучувањето на јавноста, сериозно го доведоа во прашање легитимитетот на дел од јавните политики.[1]

1 Евротинк. 3...2...1 Старт: Компаративна анализа на извештаите на Европската комисија 2014-2018 (2018). Достапно на: http://www.mcet.org.mk/documents/dP2x6HQxiQPt6haBc [пристапено на 14.10.2018].

Имајќи го предвид горенаведеното, од новата Стратегија за реформа на јавната администрација, која треба да се имплементира во периодот 2018–2022 (понатаму во текстот: СРЈА или Стратегијата), се очекува да обезбеди системски одговор на идентификуваните предизвици.

Процесот на подготовка на нацрт-стратегија за реформа на јавната администрација за периодот 2018–2022 беше инициран од страна на Министерството за информатичко општество и администрација (понатаму во текстот: МИОА) во текот на летото 2016 година, кога тогашната министерка Марта Арсовска Томовска[2] донесе решение за формирање работна група за изработка на Стратегијата[3], во која учество зедоа две граѓански организации и една мрежа на граѓански организации. Иако парламентарните избори се одржаа во декември 2016 година, новата влада формираше парламентарно мнозинство дури во мај 2017 година, кога функцијата министер за информатичко општество и администрација ја презема Дамјан Манчевски.

Текстот на нацрт-стратегијата изработен од работната група за првпат ѝ беше достапен на јавноста на 15 јуни 2017 година, кога Министерството распиша повик за доставување коментари на нацрт-стратегијата и акцискиот план. По иницијалните барања за комплетна ревизија на документот од страна на граѓанскиот сектор и експертската јавност, Министерството распиша повик за номинирање членови во тематските подгрупи за финализирање на Стратегијата.[4] Процесот на подготовка на Стратегијата стана значително поинклузивен и транспарентен, што пак стимулираше поголем интерес кај граѓанските организации, што е видливо од големината и од составот на работните групи. За споредба, во работните групи основани од министерката Арсовска Томовска 14% од членовите беа претставници на граѓански организации и мрежи, додека во работните групи основани од министерот Манчевски, овој просек изнесува 59%. Големината на работните групи во првата фаза, во просек, беше 14, додека во втората фаза - 36 членови.

Нацрт-стратегијата за реформа на јавната администрација беше усвоена на 55-тата седница на Владата одржана на 20 февруари 2018 година.[5]

2 Марта Арсовска Томовска ја извршуваше функцијата министер за информатичко општество и администрација во периодот ноември 2015 - мај 2017.

3 Министерство за информатичко општество и администрација, Решение бр. 12/1-2882/1 од 30.6.2016.

4 Министерство за информатичко општество и администрација, Повик за номинирање членови во тематските подгрупи за финализирање на Стратегијата за реформа на јавната администрација (СРЈА) за периодот 2017-2022 и Акцискиот план за СРЈА 2017-2022, бр. 09/- 1947/2

5 Влада на РМ, Записник од педесет и петтата седница на Владата одржана на 20.2.2018 година (2018). Достапно на: http://vlada.mk/file/29052/download?token=XGfyn494 [пристапено на 14.10.2018].

Третата по ред Стратегија за реформа на јавната администрација[6], како приоритетни ги утврдува следниве четири области: (1) креирање политики и координација; (2) јавна служба и управување со човечки ресурси; (3) одговорност, отчетност и транспарентност, и (4) јавни услуги и ИКТ поддршка на администрацијата.

Соодветно на тоа, Стратегијата дефинира четири општи цели кои треба да придонесат кон реформирање на јавната администрација, и тоа:

- ефективно, ефикасно и инклузивно креирани политики

За остварување на оваа цел се поставени следниве посебни цели: зајакнато среднорочно и секторско планирање за остварување на приоритетите на Владата; подобрен квалитет на политиките и законите и обезбедување транспарентност и учество на засегнатите страни; зајакната ефикасност на процесите, структурите и контролните механизми за хоризонтална координација и следење на политиките, како и зајакната ефикасност на процесот на донесување одлуки на Влада на РМ; подобрен квалитет и достапност на статистички податоци за креирање на квалитетни политики.

- стручна, професионална и департизирана администрација

Преку следниве посебни цели, се очекува постигнување на целта: деполитизација на администрацијата, преку зајакната примена на начелата на заслуги, еднакви можности и соодветна и правична застапеност и професионализација на високите раководни позиции; дефиниран и регулиран унифициран и кохерентен систем на плати за вработените во јавниот сектор; воспоставен систем за професионален развој на службениците, спроведуван од Академијата за стручно усовршување на административните службеници.

- одговорно, отчетно и транспарентно работење на институциите

За остварување на оваа цел се поставени следниве посебни цели: развиена кохерентна институционална поставеност на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби од централната власт, со јасно утврдени структури на отчетност; воспоставени ефективни и ефикасни механизми кои обезбедуваат отчетност на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби од централната власт; зајакнат интегритет на институциите; зајакната транспарентност на институциите и подобрување на комуникацијата меѓу институциите и граѓаните и бизнис заедницата; подобрена ефикасност на управните постапки и доследна примена на Законот за општа управна постапка.

6 Влада на РМ, Стратегија за реформа на јавната администрација 2018-2022 и Акциски план (2018). Достапно на: http://www.mio.gov.mk/?q=mk/node/1587/ [пристапено на 14.10.2018].

- обезбедување услуги на брз, едноставен и лесно достапен начин

Преку следниве посебни цели, се очекува постигнување на целта: рационално инвестирање во развојот на дигиталната средина; зголемен квалитет и достапност до јавните услуги; дигитална средина која дава пристап до и можност за користење на е-услугите.

Стратегијата е придружена од Акциски план, во кој се наведени активностите и мерките потребни за спроведување на оваа стратегија, утврдени се водечките органи и другите органи кои ќе бидат вклучени во спроведување на активностите, дефинирани се временските рамки за спроведување на активностите (почетниот и крајниот квартал во соодветната година), направена е проценка за потребните средства и изворот на финансирање, како и индикаторите за мерење на успешноста, кои се дефинирани на ниво на општи цели, посебни цели и мерки.

За поздравување е тоа што е предвиден специфичен механизам за следење на имплементацијата на Стратегијата и Акцискиот план, кој го предводи МИОА. Според Стратегијата, на секои шест месеци, МИОА е обврзана да достави Извештај за спроведување на Акцискиот план на Стратегијата до Советот за реформа на јавната администрација, а еднаш годишно до Владата. Дел од овој механизам за спроведување и следење се новоформираните тела: Советот за реформа на јавната администрација, Секретаријатот за реформа на јавната администрација и тимот за реформа на јавната администрација во рамки на МИОА. Како дел од постапката за следење од страна на МИОА предвидени се и консултации со јавноста пред доставување на полугодишните извештаи до Советот, а на секои две години и оценување од независни експерти.

Сепак, целиот процес треба да вклучи и континуирано, независно прибирање информации од страна на недржавен актер, за да се гарантира објективност, но и да се зголеми легитимитетот, транспарентноста и инклузивноста на монторингот и евалуацијата на овој стратегиски документ.[7]

Првиот извештај за степенот на имплементација на Стратегијата се однесува на периодот февруари - јуни 2018 година. Освен информација за статусот на имплементација на поединечните активности, оваа анализа презентира и наоди за поставеноста и функционалноста на институционалната инфраструктура за имплементација на Стратегијата; меѓуинституционалната соработка и координација;

7 OECD. Practical Guide: How to Conduct Monitoring by Civil Society (2014). Достапно на: https://www.oecd.org/corruption/acn/ACN-Civil-Society-Monitoring-Practical-Guide-ENG.pdf [пристапено на 14.10.2018].

стратегиското планирање и координација; учеството на други субјекти во имплементацијата на Стратегијата; комплетност и содржина на информациите доставени до јавноста; (не)оправданоста на доверливоста на информациите, како и структурата на финансиската поддршка за реализација на активностите од Акцискиот план. Врз основа на наодите, овој извештај дава пакет препораки за унапредување на квалитетот на имплементацијата на Стратегијата и Акцискиот план.

# 2. Методолошкиот пристап

Примарен предмет на анализа во овој прв извештај е утврдување на статусот на реализација за активностите од Акцискиот план, чијшто почеток е предвиден во првиот квартал од 2018 година, независно од предвидениот краен рок за нивно завршување. Начинот на кој беа формулирани барањата за прибирање податоци ја зема предвид раната фаза на имплементација на повеќето активности.

Во функција на прибирање податоци, информации и документи за активностите од Акцискиот план преземени од страна на водечките органи и другите органи во првиот квартал од 2018 година, авторите на овој извештај го користеа Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

За потребите на оваа анализа беа испратени вкупно 294 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер (вклучително и 94 дополнителни барања) до водечките органи и до другите органи[8] кои се вклучени во реализацијата на активностите од првиот квартал за 2018 година, при што речиси сите органи доставија одговори по барањата во разумен рок.[9]

Во однос на степенот на реализација, развивме три индикатори:

- **Активноста не е започната**

Имплементацијата на активноста не е започната, иако - согласно временската рамка од Акцискиот план – таа треба да започне во првиот квартал од 2018 година.

- **Активноста е во тек**

Имплементацијата на активноста е во тек, односно согласно временската рамка од Акцискиот план активноста е започната во првиот квартал од 2018 година.

8 Барања за пристап до информации од јавен карактер беа поднесени до следните 20 институции: Министерство за информатичко општество и администрација, Влада на РМ, Генерален Секретаријат на Владата, Секретаријат за законодавство, Секретаријат за европски прашања, Министерство за финансии, Министерство за правда, Министерство за економија, Министерство за образование и науки, Министерство за локална самоуправа, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за одбрана, Министерство за внатрешни работи, Министерство за надворешни работи, Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за здравство, Државен управен инспекторат и Собрание на РМ.

9 До составувањето на овој извештај, одговори на одредени барања не доставија следниве институции: Министерство за култура, Министерство за локална самоуправа, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за надворешни работи, Министерство за здравство, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и Секретаријат за европски прашања.

- **Активноста е завршена**

Имплементацијата на активноста е завршена. Согласно временската рамка од Акцискиот план, таа е започната и завршена во првиот квартал од 2018 година.

Сепак, имајќи предвид дека за различни активности, авторите располагаат со различна содржина и комплетност на документацијата доставена од страна на институциите, развиен беше уште еден индикатор кој се однесува на достапноста на документација за независно утврдување на статусот на реализација на активноста. За таа цел беа развиени четири различни индикатори:

- **Доставена целосна документација**

Побараните документи се доставени, односно авторите располагаат со доволно информации за да може со сигурност независно да се утврди статусот на активноста.

- **Доставена е делумна документација**

Доставени се дел од побараните документи, односно авторите не располагаат со доволно информации за да може со сигурност, независно од одговорот на институцијата, да се утврди статусот на активноста.

- **Документација не е достапна**

Во одговорот на барањето, институцијата објаснува дека документот не може да биде јавно споделен затоа што не е официјален, односно е во фаза на усвојување или одобрување од надлежното лице/институција или е даден на коментирање од страна на други институции. Авторите не располагаат со доволно информации за да може со сигурност, независно од одговорот на институцијата, да се утврди статусот на активноста.

- **Документација не е доставена**

Во одговорот на барањето, институцијата не дала објаснување зошто побараната документација не е доставена. Авторите не располагаат со доволно информации за да може со сигурност, независно од одговорот на институцијата, да се утврди статусот на активноста.

## 2.1. Ограничувања на анализата

Наодите во овој извештај се формулирани врз основа на информациите во одговорите добиени од институциите. Имајќи ја предвид раната фаза на имплементација на Стратегијата, оваа анализа не дава проценка на ефектот на спроведените активности во остварувањето на предвидените цели од Стратегијата.

За 32% од активностите е доставена целосна документација, врз основа на која е дадена сопствена, самостојна проценка за статусот на реализација. Во останатите случаи авторите го утврдуваат статусот врз основа на укажувањата од институциите.

# 3. Наоди

# 3.1. Институционална поставеност за спроведување и следење на стратегијата и акцискиот план

Еден од најголемите предизвици за успешно координирање и управување (вклучувајќи и следење) со процесот на реформа на јавната администрација е воспоставувањето функционална структура која - на политичко и на оперативно (стручно и техничко) ниво - ќе овозможи усогласено насочување, давање препораки за и реализирање на активностите од Акцискиот план, во насока на постигнување на општите и посебните цели од Стратегијата.

## 3.1.1. Политичко ниво

Прв чекор за воспоставување на структурата беше формирањето на **Советот за реформа на јавната администрација,** како тело за координација на целокупниот процес на РЈА на политичко ниво, формиран со решение усвоено на седницата на Владата одржана на 19 декември 2017.[10]

Главната улога на Советот за реформа на јавната администрација е дефинирана во самата Стратегија и е насочена кон оценување на остварениот напредок во спроведувањето на РЈА, како и кон обезбедување хоризонтална поврзаност на приоритетите и на резултатите од Акцискиот план на Стратегијата и на другите стратегиски документи релевантни за процесот на РЈА. Дополнително, Советот за РЈА ќе дава свое мислење и ќе го разгледува шестмесечниот извештај за спроведувањето на СРЈА 2018-2022. Според Стратегијата, политичкото лидерство на Советот за РЈА е кај

10 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2383/2

претседателот на Владата на РМ, кој воедно е и претседател на Советот за РЈА. Советот има 12 членови, од редот на највисоките раководни функции во институциите кои се директно засегнати од имплементацијата на СРЈА.[11]

Според она што е утврдено во Стратегијата, по правило Советот треба да се состанува двапати годишно. Конститутивната седница на Советот за реформа на јавната администрација е одржана на 19 декември 2017 година, на која се договори начинот на работата на Советот во однос на следењето на реализацијата на Стратегијата, додека на 20 февруари 2018 година е усвоен текстот на нацртот на СРЈА и Акцискиот план, пред нивното усвојување од страна на Владата.[12] Иако побарани, МИОА не достави информации за планираните следни состаноци на Советот,[13] како и материјали од седниците кои, согласно Стратегијата, треба да бидат јавно достапни информации и треба да се објават на веб-страниците на МИОА и ВРМ.[14]

### 3.1.2. Оперативно ниво

За стручна и техничка поддршка на Советот за реформа на јавната администрација е формиран **Секретаријатот за реформа на јавната администрација,** основан со решение на министерот за информатичко општество и администрација од 16 февруари 2018 година.[15]

Главни задачи на Секретаријатот за реформа на јавната администрација се: да дава мислење за заемната поврзаност и усогласеност на стратегиските документи (стратегии, програми, планови, политики и сл.) релевантни за процесот на реформата на јавната администрација; да дава препораки за приоритетите во процесот на реформа на јавната администрација; да обезбедува координација и усогласеност во планирањето и во спроведувањето на реформата на јавната администрација и на процесот на евроинтеграција на државата од стручен аспект; да ги разгледува

11 Влада на РМ, Решение Бр. 24-8582/1 за формирање Совет за реформа на јавната администрација, објавено во „Службен весник на Република Македонија" бр. 192/17 од 19.12.2017. Моменталниот состав на Советот за реформа на јавната администрација е следниов: а) претседател на Советот – Зоран Заев, претседател на Владата; б) членови: Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања; Хазби Лика, заменик на претседателот на Владата задолжен за Рамковниот договор и политички систем; Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација; Драган Тевдовски, министер за финансии; Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика; Роберт Поповски, министер без ресор задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност; Билен Саљији, министер за правда; Сулејх Фазлиу, министер за локална самоуправа; Драги Рашковски, генерален секретар на Владата; Лила Пејчиновска Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство; Спасе Глигоров, директор на Агенцијата за администрација и претставник на Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

12 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2384/2

13 Барање до Министерството за информатичко општество и администрација бр. 10-131/2 на кое не е доставен одговор.

14 Стратегија за реформа на јавната администрација 2018-2022 (2018), стр.58.

15 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2385/2

извештаите од следењето на спроведувањето на Акцискиот план на Стратегијата за РЈА (2018–2022), и да дава препораки до Советот за РЈА во однос на оценките за напредокот во спроведувањето на Стратегијата за РЈА (2018–2022) и Акцискиот план; да иницира и да препорачува преземање мерки во случај на утврдени ризици од неспроведување или тешкотии при спроведувањето на планираните цели, мерки и активности; да дава насоки за спроведување на мерките и на активностите од Акцискиот план на тимот за РЈА и на контакт-лицата за РЈА од институциите кои се носители и учесници во активностите; да ги разгледува ефектите од спроведените активности во различните сектори од јавниот сектор кои се одразуваат врз јавната администрација и да дава препораки до Советот за РЈА за преземање соодветни чекори и обезбедување нивна усогласеност, и да дава препораки за насочување на понатамошните циклуси на планирање на реформата на јавната администрација.[16]

Секретаријатот за РЈА се состои од 12 членови и 10 заменици на членовите од повеќе институции,[17] а со телото раководи заменик-министерот за информатичко општество и администрација.

Притоа, Секретаријатот за РЈА досега одржал две седници (19 февруари 2018 и 18 јули 2018 година), при што Министерството за информатичко општество и администрација ги изготви дневниот ред, записниците и заклучоците од овие седници, кои се достапни за јавноста по поднесено барање за слободен пристап до информациите од јавен карактер.[18]

Понатаму, за следење и координација на спроведувањето на Акцискиот план е формиран **тим за реформа на јавната администрација,** со решение на министерот за информатичко општество и администрација од 29 декември 2017 година. Тимот за РЈА во Министерството за информатичко општество и администрација е задолжен за: следење и координација на спроведувањето на Акцискиот план на СРЈА 2018–2022; задолжително консултирање и усогласување на приоритетите и целите на Стратегијата за РЈА 2018–2022 со Одлуката со која Владата годишно ги утврдува своите стратегиски приоритети и приоритетни цели; проценка на влијанието на стратегиските приоритети на Владата на РМ што се однесуваат на РЈА; собирање податоци и изготвување извештаи за

16 Министерство за информатичко општество и администрација, Решение за формирање Секретаријат за реформа на јавната администрација бр. 08/1-1215/1 од 16.2.2018.

17 Институции претставени во Секретаријатот: Министерство за информатичко општество и администрација, Кабинет на претседателот, Секретаријат за европски прашања, Министерство за финансии, Министерство за труд и социјална политика, Министер без ресор задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Министерство за правда, Министерство за локална самоуправа, Генерален секретаријат на Владата на РМ, Секретаријат за законодавство, Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор, и Заедница на единиците на локалната самоуправа на РМ.

18 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-4466/2

остварениот напредок, наменети за Секретаријатот за РЈА, Советот за РЈА и Владата на РМ; остварување соработка и координирање на проектите за поддршка на РЈА финансирани од страна на меѓународната заедница и донаторите; обезбедување редовна комуникација со контакт-лицата за РЈА од релевантните институции, и остварување соработка со сите учесници во процесот на РЈА.[19]

Тимот за РЈА е составен од 33 вработени во МИОА поделени во координатори по четирите приоритетни области на Стратегијата и членови на подгрупи по приоритетни области. Од достапните документи од МИОА не можат да се утврдат точните работни обврски на членовите во рамките на самиот тим, освен нивните звања/функции во соодветните институции.

Органите вклучени во реформата имаат назначено **координатори (контакт-лица по институции) за РЈА,** кои ќе соработуваат и ќе се координираат со структурите во своите организации и во соодветниот ресор, како и со тимот за РЈА во МИОА, за да се обезбеди успешно управување со процесот. Министерството за информатичко општество и администрација е надлежно за обезбедување редовна комуникација со контакт-лицата за РЈА кои треба да собираат податоци од институциите што се вклучени во спроведувањето на Стратегијата за РЈА 2018–2022. Листата на контакт- лицата за РЈА се состои од вкупно 59 вработени од 32 институции[20] (министерства, агенции, дирекции, комисии, фондови, итн.).[21] Функционалноста на вака поставениот систем за спроведување и следење на Стратегијата и Акцискиот план ќе биде предмет на анализа во натамошните извештаи.

---

19 Министерство за информатичко општество и администрација, Решение за формирање тим за реформа на јавната администрација бр. 03–4260/1 од 29.12.2017.

20 Листа на институции кои имаат номинирано контакт-лица: Агенција за катастар на недвижности, Секретаријат за законодавство, Министерство за труд и социјална политика, Централен регистар, Дирекција за безбедност на класифицирани информации, Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка, Државна комисија за спречување корупција, Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, Фонд за пензиско и инвалидско осигурување, Агенција за вработување, Министерство за надворешни работи, Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, Министерство за економија, Министерство за култура, Министерство за внатрешни работи, Министерство за локална самоуправа, Министерство за здравство, Агенција за администрација, Генерален секретаријат на Владата на РМ, Дирекција за заштита на личните податоци, Канцеларија на Претседателот на Владата на РМ, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за одбрана, Министерство за образование и наука, Министерство за правда, Министерство за финансии, Министерство за транспорт и врски, Секретаријат за европски прашања, Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор, Собрание на РМ, Управа за јавни приходи, Фонд за здравствено осигурување.

21 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3–4718/3

# 3.2. Меѓуинституционална координација и соработка

Акцискиот план на Стратегијата ги дефинира мерките и активностите кои ќе придонесат за постигнување на соодветната посебна цел, како и водечките органи надлежни за спроведување на активностите и другите органи кои ќе бидат вклучени во спроведувањето.

МИОА е клучната институција одговорна за управување и за следење на спроведувањето на процесот на реформа на јавната администрација во државата.[22] Меѓутоа, за успешно спроведување на Стратегијата за РЈА 2018-2022 е потребно постоење на добро организиран, кохерентен и компетентен систем за креирање и следење на спроведувањето на јавните политики. Оттаму, во оваа фаза е неопходно вклучување на другите институции, со што се создава конзистентност во нивната соработка и меѓусебна координација.

При прибирањето на податоците за подготовка на овој извештај, беше забележана некоординираност меѓу водечките органи и другите органи назначени за спроведување на заедничките активности од Акцискиот план. Кај оние активности чијашто имплементација вклучува повеќе институции, институциите кои не се водечки органи не се доволно информирани, не преземаат одговорност и не споделуваат информации за одредена заедничка активност, сметајќи го водечкиот орган како единствен орган одговорен за активноста[23].

22 Стратегија за реформа на јавната администрација 2018-2022, стр. 60.

23 За илустрација, МНР на барањето за достава на методологијата за спроведување на внатрешна функционална анализа не информираше дека надлежноста за дефинирање на методологијата е кај МИОА и неговите партнери, иако МНР ја користи методологијата за да ја спроведе анализата (Одговор бр. 04-10252/3 ). Или Министерството за правда кога запрашано за анализата на Законот за општа управна постапка, барањето го препраќа до МИОА „како институција надлежна за одговор на истите" (Одговор бр. 19-2481/3, 19-2482/3, 19-2479/3, 19-2478/3). И двете институции се наведени како органи кои учествуваат во имплементацијата на соодветните активности покрај МИОА.

Во овој извештаен период, забележани се 65 случаи (22,1 % од поднесените барања) каде што органи кои се вклучени во реализација на активностите се изјаснија дека не се иматели на информации[24] и дел од барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер ги препратија до Министерството за информатичко општество и администрација или до Генералниот секретаријат на Владата, како водечки органи за одредени активности (вклучувајќи и меѓусебно препраќање помеѓу МИОА и Генералниот секретаријат). Дополнително, постои потреба од појасно разграничување на одговорноста во спроведувањето на одредени активности меѓу МИОА и Генералниот секретаријат на Владата, кои исто така меѓусебно ги препраќаа барањата за слободен пристап до информации.[25]

Со оглед на горенаведеното, и покрај заложбите во Стратегијата да се преземат мерки за зајакнување на човечките и на институционалните капацитети за подобра координација и планирање во процесот на креирање и спроведување на политиките, сегашниот впечаток е дека постои потреба од унапредување на меѓусебната координација на органите и заемната институционална информираност за планираните и спроведените активности од Акцискиот план на СРЈА. Во спротивно, на овој начин се отежнува следењето на степенот на спроведувањето на активностите и достапноста на информациите за јавноста.

24 На овој начин се изјаснија следниве институции: Министерство за информатичко општество и администрација (21 барање), Секретаријат за законодавство (21 барање), Секретаријат за европски прашања (5 барања), Министерство за правда (5 барања), Министерство за финансии (7 барања), Државен управен инспекторат (4 барања), Генерален секретаријат (2 барања).

25 За активноста А.4.1.2.3: Формирање Комисија за ИКТ проекти како водечки орган се наведени Министерството за информатичко општество и администрација и Генералниот секретаријат на Владата. И на двете институции им беше поставено прашањето околу формирањето и работата на Комисијата. Од Генералниот секретаријат барањето беше препратено до МИОА (Одговор бр. 49-3822/3). Од МИОА пак информираа дека барањето е препратено до Владата, од каде што добиваат одговор од претседателот на Националниот совет за ИКТ (Одговор бр. 08/3-4442).

# 3.3. Транспарентност

Отвореноста за споделување на информациите за степенот на реализација на активностите од Акцискиот план и степенот на отчетност се различни од институција до институција.

Мал дел од институциите (вкупно 7) не доставија одговор на сите[26] или на дел[27] од поднесените барања. Само 4,08 % (вкупно 12) од барањата за слободен пристап до информации не се одговорени.

Некои органи, како на пример МИОА, покажаа волја за соработка во обезбедувањето на податоци, информации и документи со што значително придонесе кон зголемување на фондот на информации врз чија основа е подготвена оваа анализа. Дел од другите институции доставија нецелосни информации или пак ги препраќаа барањата до водечкиот орган.

Евидентна е нетранспарентноста на Генералниот секретаријат на Владата, и покрај неговата водечка улога во одредени активности од Акцискиот план, со што се нарушува сликата за функционална реализација на Акцискиот план. Овој орган не доставува суштинска информација за имплементацијата на оние активности за кои е надлежен и чијшто почеток на имплементација е предвиден во првиот квартал[28]. Наспроти јавните заложби на Владата за транспарентност во работењето, загрижува непостоењето волја кај Генералниот секретаријат за споделување информации потребни за да се оцени квалитетот на нивната работа. На овој начин се отежнува

26 Две институции воопшто не доставија одговори на поднесените барања за слободен пристап до информации од јавен карактер (Министерство за транспорт и врски и Министерство за здравство).

27 Пет институции не доставија одговор на дел од барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер (Секретаријат за европски прашања, Министерство за култура, Министерство за локална самоуправа, Министерство за надворешни работи, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство).

28 На сите инцијало доставени барања за информации врзана со реализација на активности во која учествува Генералниот секретаријат, беше добиен ист, генерички одговор со следната содржина: „за секоја од мерките каде Генералниот секретаријат се јавува како водечки орган е определен почетен и планиран датум за завршување на активностите (квартал), во рамки на кој постапува Генералниот секретаријат. Во контекст на горенаведеното, Ве информираме дека Генералниот секретаријат презема дејствија за реализирање на активностите содржани во Акцискиот план согласно планираниот датум за извршување на истите". На доставените барања за информација врзана со финансиската поддршка за реализација на активностите, повторно за сите барања беше доставен одговор со иста содржина: „за мерките каде што е предвидена ДОНАТОРСКА ПОДДРШКА до овој момент не располагаме со информација дали во текот на реализација на мерката би имале потенцијална донаторска поддршка".

независната анализа на квалитетот на имплементацијата на Стратегијата и се сугерира дека некои од институциите се неволни да ги исполнат своите законски обврски за транспарентно, отчетно и партиципативно работење.

Потребни беа голем број обиди преку поднесување дополнителни барања за пристап до информации, а во неколку случаи беше неопходно да бидат поднесени жалби до Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер за да се добие посуштинска информација од страна на Генералниот секретаријат[29]. По искористувањето на жалбениот механизам, Генералниот секретаријат, како водечки орган за одредени активности од Акцискиот план, достави одговори со поконкретни информации за реализирањето на активностите.

Во однос на проактивната достапност на информациите што се однесуваат на имплементацијата на СРЈА, може да се укаже на тоа дека МИОА ја ажурираат нивната веб-страница со информации поврзани со мерките од Стратегијата кои се завршени, како што се повици за средби или коментари на законите преку ЕНЕР. Меѓутоа, за средби на одредени работни групи,[30] освен решение за формирање на телата, дневен ред и листа на присутни, институциите (вклучувајќи ја и МИОА) немаат воспоставена практика за подготвување записници и заклучоци од состаноците, а доколку се изработени, истите се достапни само по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.

### 3.3.1. Комплетност и содржина на добиените одговори

Иако само на 4% од барањата за слободен пристап до информации не е доставен одговор во законски пропишаниот рок, фактот што само за 32% од активностите е доставена комплетна документација за реализација на активностите, не упатува на заклучокот дека клучниот предизвик сега е во добивање на суштински одговор, а не молк на администрација.

Транспарентноста на институциите зависи и од тоа дали и колку доставената информација е целосна и содржинска. Дел од одговорите на барањата доставени од неколку институции, содржат парцијални

29 До Генералниот секретаријат иницијално беа доставени 24 барања за активности каде ГС е водечки орган. Поради недостаток на суштински информации во одговорите, беа поднесени 48 дополнителни барања, по што следуваа 24 жалби до КОМСПИ. За активности каде ГС учествува во реализацијата, но не е водечки орган, испратени беа 3 барања и 2 дополнителни барања. За сите 101 барање, ГС достави одговор во пропишаниот рок. Но сите одговори, освен одговорите на 24 поднесени жалби, имаа незадоволителна содржина, односно не нудеа суштинска информација.

30 Не се доставени записници од средбите на работната група за Стратегијата за отворени податоци (Министерството за информатичко општество и администрација, Одговор бр.08/3-2432/2) и консултативните средби за анализа за Законот за општа управна постапка (Министерството за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-4440/2).

информации или нецелосни одговори на поставените прашања. Со цел да се добие целосна информација за имплементацијата на активностите од Акцискиот план, беше потребно да се поднесат дополнителни барања за одговор до институциите, со што се одолжува потребното време за спроведување на мониторингот.

Институциите треба да понудат и придружна документација со која што ќе докажат дека една активност е реализирана и кои се ефектите од нејзината имплементација. Па така, доколку една институција тврди дека реализирала координативна средба или обука за истата, се очекува да постојат писмени записи (на пример, покана, дневен ред, листа на присутни, заклучоци/транскрипт или едукативни содржини) за спроведената анализа, изработена методологија (прашалник, водич за фокус група), база на податоци со необработени статистички податоци, листа на ангажирани експерти, а доколку се тврди дека е обезбедена донаторска поддршка, на увид треба да се даде и договорот, итн.

### 3.3.2. Доверливост на информациите и информација во процес на формирање

Повикувајќи се на општите правила за ИПА проектите, иницијално МИОА одби да достави документи кои се производ на проект поддржан од Европската Унија, како на пример изработени анализи (анализа на е-услуги кои се веќе развиени, кои треба да се надградат на повисоко ниво и кои допрва треба да се развијат; анализа на „единствена точка на услуги") или развиени концепти за конкретен производ (концептуално решение за национален портал за е-услуги).

Поконкретно, МИОА тврдеше дека „документите генерирани за време на реализацијата на проектот можат да се споделат по завршувањето на проектот".[31] Друг сличен одговор што го добивме:

„Согласно член 26 од Општите одредби од Договорот и член 7.2 од Посебните одредби, документот не е официјално одобрен од одговорниот орган (CFCD) и истиот ќе се одобри со одобрување на Конечниот извештај за Договорот. Сè до одобрување на Конечниот извештај, резултатот не се смета за официјален и, согласно член 6, став 7 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Ве информираме дека

31 Министерството за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2387/2; 08/3-2461/2; 08/3-2452/2; и 08/3-2380/2

документот е во постапка на изготвување. Исто така, согласно Договорот, МИОА не е договорен орган и имател на информацијата е CFCD при Министерството за финансии“.[32]

Доколку МИОА на овој начин ги толкува правилата со кои се регулираат ИПА фондовите, тогаш истите долг период можат да го ограничат пристапот на јавноста до суштински важните информации, кои ќе бидат на увид само на администрацијата. Од друга страна, за нас е неспорно дека документот треба да биде одобрен во посебна постапка, меѓутоа начинот за добивање одобрување само со конечен извештај за целокупниот проект може да го одолжи објавувањето на информацијата, со што се намалува нејзината вредност, односно актуелност.

Во Стратегијата и во Акцискиот план, генерално, се предвидени голем број анализи, кои се третирани како основа за натамошни активности, а кои се финансирани со буџетски или со средства од други извори. Пристапот до овие анализи не е овозможен затоа што анализите се во фаза на одобрување, односно со зборови на Законот за пристап до информации од јавен карактер документот е во фаза на изработка и сеуште е предмет на усогласување, што значи истиот спаѓа во исклучоците предвидени во законот.

Меѓутоа на јавноста и на засегнатите страни им е од интерес да се овозможи навремен пристап до овие информации. Оттаму, сметаме дека е корисно јавноста да се информира за постапката за подготвување или усогласување на ваков тип на акти по што истите стануваат информации од јавен карактер. Објаснувањето на постапката за официјализирање на ваков тип документи, може да го спречи арбитрарното или неоправданото ограничување на пристапот до информации.

32 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-4428/3; 08/3-4450/2; 08/3-4457/2

# 3.4. Стратегиско планирање и координација

Како што веќе наведовме, за успешно спроведување на јавните политики, вклучувајќи ја и Стратегијата и Акцискиот план за РЈА 2018-2022, важна улога има координацијата, но и стратегиското планирање на сите органи вклучени во имплементацијата. Овие два механизми во суштина треба да одговорат на прашањето какви институционални (човечки и финансиски) ресурси ќе им бидат потребни и на кој начин ќе се реализираат обврските на кои се обврзува секоја од институциите вклучени во Стратегијата. Стратегиските планови, годишните планови за работа и оперативните програми се во суштина патоказот за работа на институциите, она што е предвидено во нив се планира, имплементира, следи, известува.

Според самопроценката направена од страна на министерствата, стратегиските документи на министерствата за 2018 година генерално не ги рефлектираат обврските што тие ги преземаат со усвојувањето на Стратегијата. МИОА не ја следи усогласеноста и компатибилноста на стратегиските документи на министерствата со СРЈА, додека Генералниот секретаријат на Владата не доставува суштинска информација по ова прашање. Неколку институции се изјаснија дека започнале или ќе започнат активности за ревидирање и усогласување на нивните стратегиски планови, годишни планови за работа и оперативни програми, со цел да ги рефлектираат обврските преземени во рамките на Стратегијата и Акцискиот план.[33] Одговор не доставија шест министерства.[34]

33 Министерство за финансии, Одговор бр. 03-2486/3; Министерство за правда, Одговор бр. 19-2483/2; Министерство за економија, Одговор бр.14-2557/2; Министерство за внатрешни работи, Одговор бр. 16.1.2.-946/1; Министерство за транспорт и врски, Одговор бр. 02-4636/1-2018; Министерство за животна средина и просторно планирање, Одговор бр.12-2316/2

34 Министерство за надворешни работи, Барање бр. 10-130/1; Министерство за труд и социјална работа Барање бр. 10-129/1; Министерство за здравство Барање бр. 10-118/1; Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство Барање бр. 10-122/1; Министерство за култура Барање бр. 10-119/1; Министерство за локална самоуправа Барање бр. 10-115/1

Стратегиските планови и годишните оперативни програми на Министерството за информатичко општество и администрација не ги рефлектираат преземените обврски од Акцискиот план бидејќи биле донесени пред усвојувањето на Стратегијата.[35]

Министерството за информатичко општество и администрација информира дека нема изработено Оперативен план на Стратегијата за РЈА 2018-2022 година, со тоа што како мерка за подобра координација формира работна група за спроведување на мерките од Акцискиот план на СРЈА по приоритетни области[36] (за авторите не е јасно дали се работи за ново тело кое функционира дополнително од структурата објаснета во дел 3.1. или само за различна терминологија, а во суштина се реферира на некое од телата за спроведување и следење предвидени во Стратегијата). Според самата Стратегија, МИОА се обврзува дека ќе обезбеди навремено подготвување на оперативните планови, кои детално ќе ги разработат чекорите и роковите за спроведување на активностите и индикаторите за мерење на напредокот во однос на целите. Како клучен документ за една јавна политика, МИОА треба да преземе конкретни мерки за изработка на оперативен план (за следната година) на Стратегијата за РЈА.

35 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2358/2
36 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-4465/2

# 4. Учество на граѓанските организации во спроведување на стратегијата

На 10 август 2018 година, МИОА објави јавен повик до граѓанските организации кои спроведуваат активности поврзани со следење на активностите предвидени со Акцискиот план на Стратегијата за доставување придонес кон првиот полугодишен извештај, во однос на согледувања, информации и податоци за степенот на спроведување на активностите од Акцискиот план.[37]

Меѓутоа, граѓанските организации генерално не учествуваат директно во имплементацијата на активностите од Акцискиот план на Стратегијата за РЈА 2018–2022, освен кога се јавуваат како донатори или партнери на донатор или, во исклучителни ситуации, кога се подготвува некој стратегиски документ, како Стратегијата за отворени податоци или преку објавување на предлог-законите на ЕНЕР.

Сепак, постои можност за вклучување на граѓанските организации во оние активности кои се од истражувачка природа односно имаат за цел да утврдат некаква состојба, на чија основа понатаму се планираат и реализираат јавни политики. На пример, анализата на имплементацијата на Законот за општа управна постапка, освен тоа што треба да даде одговор на прашањето кои се предизвиците за доследна примена на Законот од страна на институциите, треба да го земе предвид и искуството на корисниците, односно на граѓаните, граѓанските организации, бизнис заедницата, што не е случај во досега прикажаното.

37 Министерство за информатичко општество и администрација, Повик за придонес на граѓанските организации кон полугодишниот извештај за стратегијата за реформа на јавната администрација (2018). Достапно на: http://www.mio.gov.mk/?q=mk/node/1961 [пристапено на 10.10.2018].

# 5. Статус на реализација на активностите

Предмет на анализа во овој прв извештај се 32 активности или 16% од вкупниот број предвидени активности од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018–2022. Активностите се избрани по основа на **предвиден почеток на имплементација**, односно предвиден почеток на активноста во првиот квартал од 2018 година.

Од анализираните 32 активности, 25% (вкупно 8) се дел од првата приоритетна област креирање политики и координација; 6% (вкупно 2) од втората приоритетна област јавна служба и управување со човечки ресурси, 19% (вкупно 6) од третата област одговорност, *отчетност и транспарентност* и 50% (вкупно 16) од четвртата приоритетна област давање услуги и ИКТ поддршка на администрацијата. Она што може да се забележи е дека половина од предвидените мерки за имплементација во овој период се дел од четвртата цел, која во суштина и е најобемна ако се земе предвид целиот Акцискиот план (34% или 71 мерка од вкупно 207 колку што предвидува Акцискиот план се дел од четвртата цел).

Во однос на статусот на реализација, од сите анализирани активности, **„во тек“** е имплементацијата на 56% (вкупно 18) од активностите, **„не се започнати“** 22% (вкупно 7) од активностите, а исто толку се **„завршени“** 22% (вкупно 7).

Во однос на достапноста на документацијата за независно утврдување на статусот на активноста, од 25 активности (исклучени се оние кои не се започнати), за 32% (вкупно 8) е доставена целосната документација, за 12% (вкупно 3) е доставена делумна документација, за 28% (вкупно 7) документацијата не е достапна, а за ист процент не е доставена никаква или не е доставена соодветна документација.

## Статус на реализација на активностите

Вкупен број активности: 32



## Статус на реализација на активностите

Вкупен број активности: 8

Област 1: Креирање на политики и координација




Во однос на првата приоритетна област креирање политики и координација, 5 од вкупно 8 активности имаат статус **„во тек“**, а имплементацијата на 3 активности **„не е започната“**. Водечки орган во имплементацијата на активностите со кои се доцни е Генералниот секретаријат на Владата, односно Кабинетот на претседателот на Владата на РМ.

Во втората приоритетна област јавна служба и управување со човечки ресурси се предвидени само 2 активности и имаат статус **„завршени“**, односно завршени пред истекот на предвидениот рок (втор квартал на 2018 година).

## Статус на реализација на активностите

Вкупен број активности: 2

Област 2: Јавна служба и управување со човечки ресурси




Во третата област одговорност, *отчетност и транспарентност*, од 6 активности, **„во тек“** е имплементацијата на 4 активности, додека 2 активности имаат статус **„завршени“** во рокот предвиден за нивната имплементација (прв квартал на 2018 година).

## Статус на реализација на активностите

Вкупен број активности: 6

Област 3: Одговорност, отчетност и транспарентност



Од вкупно 16 активности во четвртата приоритетна област давање услуги и ИКТ поддршка на администрацијата, 9 активности се **„во тек”**, 4 активности кај кои водечки орган е МИОА **„не се започнати“**, додека 3 активности се веќе **„завршени”** (две активности со рок за реализација во вториот квартал, една во првиот).

Статус на реализација на активностите

Вкупен број активности: 16

Област 4: Давање услуги и ИКТ поддршка на администрацијата




**Она што може да се заклучи е дека голем дел од активностите се навремено започнати,** во согласност со временската рамка од Акцискиот план, а дел од нив се и завршени. **Се доцни со почетокот на околу 1/5 од активностите** за кои е предвидено да започнат во првиот квартал од 2018 година. Во однос на доставената документација, **само за 1/3 од активностите кои се во тек или се завршени е доставена целосна документација, врз основа на која може да се утврди статусот на активноста.** За другите активности, статусот е утврден врз основа на укажувањето од релевантната институција.

Со цел да се даде детална слика за статусот на реализација на Стратегијата, делот што следи ќе даде информација за статусот на имплементација на секоја поединечна активност во рамки на соодветната мерка. Мерките и активностите заеднички придонесуваат кон постигнување на соодветните посебни и општи цели на Стратегијата. Во однос на статусот на индивидуални активности, состојбата е следна:

### Мерка 1.1.1: Зајакнување на системот за планирање преку обезбедување механизам за усогласување на долгорочното со среднорочното и годишното планирање

**Анализата[38] на регулативата и практиките во однос на системот за подготвување, усогласување, следење и известување на планските документи, анализата на примерок од усвоени стратегии за да се утврдат недостатоците; и компаративната анализа на најдобри практики за секторски стратегии[39]** се изработени од страна на Генералниот секретаријат, како водечки орган. За потребите на првата анализа, предмет на разгледување е целокупната регулатива во оваа област, додека за втората анализа се избрани 5 усвоени стратегии кои потоа се разгледани. Третиот документ опфаќа анализа на најдобрите практики од аспект на секторските стратегии во Црна Гора, Србија, Хрватска, Косово, Албанија и во Турција.[40]

Анализите не се достапни за јавноста затоа што се испратени на разгледување, со барање за произнесување, до Министерството за финансии, Секретаријатот за законодавство, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за информатичко општество и администрација и Канцеларијата на претседателот на Владата на РМ.[41] Иако за реализација на оваа активност во Акцискиот план се проектирани 980.000 денари, истите не се обезбедени.[42]

### Мерка 1.1.2: Подобрување на процесите и капацитетите за среднорочно, секторско и годишно планирање на министерствата и на другите органи на државната управа

**Анализата на интерните процеси, функции и човечките капацитети за стратегиско планирање во министерствата и во другите органи на државната управа[43]** е започната, односно за истата е изработен прашалник кој е доставен до сите министерства и до трите секретаријати при Владата, но истиот не беше доставен на увид. По испратените ургенции од страна на Генералниот секретаријат, до 18 јули 2018 година

38 А.1.1.1.1 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.
39 Генерален секретаријат на Владата на РМ, Одговор бр. 49-3813/9; 49-3820/9; 49-3819/9.
40 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор 08/3-4466/2. Во прилог доставен записник од втората седница на Секретаријатот за реформа на јавната администрација одржана на 18.7.2018 година.
41 Генерален секретаријат на Владата на РМ, Одговор бр. 49-3813/9; 49-3820/9;. 49-3819/9
42 Генерален секретаријат на Владата на РМ, Одговор бр. 49-3815/9; 49-3817/9; 49-3814/9
43 А.1.1.2.1 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.

одговор немаат доставено Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за одбрана и Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор.[44]

Според добиените податоци, Генералниот секретаријат најавува подготовка на информација која ќе ги презентира заклучните согледувања и препораки.[45] За спроведување на оваа активност во Акцискиот план се предвидени 630.000 денари, меѓутоа истите не се обезбедени.[46]

### Мерка 1.2.4: Зголемување на вклученоста на засегнатите страни во процесот на креирање, спроведување, следење и оценување на политиките

Генералниот секретаријат не достави соодветна информација со која потврдува дека се применува **зајакната контрола на постојните механизми предвидени во Деловникот и методологијата за проценка на влијанието на регулативата.[47]** Во одговорот, Генералниот секретаријат се повикува на постојните надлежности кои се регулирани со различни правни акти, но не дефинира што значи „зајакната контрола“ ниту пак ја докажува истата.[48] Во Акцискиот план не е проектирана финансиска поддршка за реализација на оваа активност.

### Мерка 1.3.1: Јакнење на капацитетите за координација на политиките во Генералниот секретаријат

Генералниот секретаријат има подготвено нацрт-извештај за спроведената **функционална анализа,[49]** која е во процес на усвојување,[50] но истата не беше дадена на увид.[51] За изработка на овој документ во Акцискиот план се предвидени 600.000 денари, но истите не се обезбедени.[52]

44 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор 08/3-4466/2. Во прилог беше доставен записник од втората седница на Секретаријатот за реформа на јавната администрација одржана на 18.7.2018 година.
45 Генерален секретаријат на Владата на РМ, Одговор бр. 49-3811/9
46 Генерален секретаријат на Владата на РМ, Одговор бр. 49-3812/9
47 А.1.2.4.2 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.
48 Генерален секретаријат на Владата на РМ, Одговор бр. 19-3810/10
49 А.1.3.1.1 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.
50 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор 08/3-4466/2. Во прилог беше даден записник од втората седница на Секретаријатот за реформа на јавната администрација одржана на 18.7.2018 година.
51 Генерален секретаријат на Владата на РМ, Одговор бр. 49-3808/9
52 Генерален секретаријат на Владата на РМ, Одговор бр.49-3809/9

## Мерка 1.3.2: Воспоставување механизми за координација меѓу органите на државната управа кои ги извршуваат функциите „Центар на Владата“

**Анализата на регулативата и практиките во однос на механизмите за координација помеѓу ГС, МФ, МИОА, СЕП и СЗ**[53] не е доставена како акт,[54] ниту пак е доставена информација за воспоставувањето механизми за координација меѓу органите на државната управа кои ги извршуваат функциите „Центар на Владата“,[55] за која Генералниот секретаријат известува дека ја има изработено. Генералниот секретаријат најави дека информацијата, која содржи и предлог-регулатива, ќе биде доставена до Владата до крајот на септември, но достапните записници од седниците на Владата покажуваат дека тоа не е направено.[56] Генералниот секретаријат најавува предлог за формирање стручен колегиум, со претставници од ГС, СЕП, МИОА, МФ и од СЗ, кој ќе разгледува само стратегии и закони (од суштински и од формален аспект), со што ќе се креира филтер пред истите да бидат проследени до работните тела на Владата.[57]

За оваа активност во Акцискиот план се проектирани 900.000 денари, меѓутоа истите не се обезбедени[58].

## Мерка 1.3.3: Зајакнување на ефикасноста на системот за донесување одлуки на Владата

Во однос на **анализата на системот, механизмите и телата за донесување одлуки на Владата, оптовареноста со несуштински одлуки и утврдувањето на потребното ниво за донесување одлуки и категоризација на одлуките кои ги донесува Владата и одлуките кои ги донесуваат министерствата,**[59] е извршен скрининг од страна на Меѓународниот републикански институт (ИРИ). Скринингот опфаќа анализа на законската регулатива и на другите прописи усвоени од страна на Владата и Генералниот секретаријат, набљудување на седниците на

53 А.1.3.2.1 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.

54 Генерален секретаријат на Владата на РМ, Одговор бр. 49-3807/9

55 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор 08/3-4466/2. Во прилог беше даден записник од втората седница на Секретаријатот за реформа на јавната администрација одржана на 18.7.2018 година.

56 Влада на РМ, Записници од седници на Владата. Достапно на: http://vlada.mk/vladini-sednici.

57 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор 08/3-4466/2. Во прилог беше даден записник од втората седница на Секретаријатот за реформа на јавната администрација одржана на 18.7.2018 година.

58 Генерален секретаријат на Владата на РМ, Одговор бр. 49-3802/9

59 А.1.3.3.1 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.

Генералниот колегиум на државните секретари, на основните комисии на Владата и на седниците на Владата.[60] Конечните наоди на ИРИ се презентирани пред Владата,[61] меѓутоа оваа анализа не е доставена на увид.

Реализирани се средби меѓу претставници на Меѓународниот републикански институт и секторот седници при Генералниот секретаријат, и се одржани две обуки со директорите на јавните претпријатија и акционерски друштва. Во одговорот доставен од Генералниот секретаријат се наведува дека се изработени насоки во врска со видот на материјалите што се доставуваат за разгледување до Владата и истите се однесуваат на министерствата, органите во состав на министерствата, акционерските друштва и јавните претпријатија,[62] додека во излагањето на претставникот од Генералниот секретаријат пред Секретаријатот за РЈА е наведено дека се подготвени насоки само за акционерските друштва.[63] Анализата не е доставена на увид.[64]

Во одговорот, Генералниот секретаријат нè информира дека на 30-тата седница на Владата е формирана работна група задолжена за селекција на материјалите кои имаат законска основа да бидат разгледани на седници на Владата, со што ќе се подобри ефикасноста во работењето на Владата.[65] Меѓутоа, наведеното не е составен дел од конкретната активност која е насочена кон изработка на конкретен производ, во случајов анализа.

За оваа активност во Акцискиот план се проектирани 900.000 денари. Финансиските средства не се обезбедени, но обезбедена е поддршка од ИРИ, во форма на експертиза.[66]

### Мерка 1.3.5: Зајакнување на соработката на Владата со Собранието

Доставената информација упатува на заклучок дека не е изработена **анализа на регулативата и практиките за соработка меѓу Владата и Собранието,[67]** ниту пак е изработен конкретен **предлог за воведување ефикасни механизми за координација и соработка.**

60 Генерален секретаријат на Владата на РМ, Одговор бр. 49-3795/9

61 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор 08/3-4466/2. Во прилог беше даден записник од втората седница на Секретаријатот за реформа на јавната администрација, одржана на 18.7.2018 година.

62 Генерален секретаријат на Владата на РМ, Одговор бр. 49-3795/9

63 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор 08/3-4466/2. Во прилог беше даден Записник од втората седница на Секретаријатот за реформа на јавната администрација одржана на 18.7.2018 година.

64 Генерален секретаријат на Владата на РМ, Одговор бр. 49-3795/9

65 Генерален секретаријат на Владата на РМ, Одговор бр. 49-3795/9. Влада на РМ, Записник од 30-тата седница: точка 23. Достапно на: http://vlada.mk/file/29067/download?token=wFTB0_EB

66 Генерален секретаријат на Владата на РМ, Одговор бр.49-3800/9

67 А.1.3.5.1 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.

Генералниот секретаријат информира дека е реализиран состанок меѓу претставници од Службата на Собранието, Канцеларијата на претседателот на Владата на РМ, Генералниот секретаријат и Националниот демократски институт. Воспоставена е и практика на одржување координативни состаноци/средби меѓу генералните секретари на Собранието и на Владата, како и на шефовите на Кабинетот на претседателот на Собранието и на Канцеларијата на претседателот на Владата на РМ.[68] Во одговорот не се појаснува дали се работи за нововоспоставен механизам, ниту пак во прилог се доставени дополнителни информации преку кои може да се утврди интензитетот на соработката или пак темите дискутирани на овие средби.

Од Собранието пак нè известуваат дека не учествувале во усвојување на предлог со кој се воведуваат ефикасни механизми за соработка и координација, ниту пак се запознаени со тоа дали е направена анализа по ова прашање.[69]

За оваа активност во Акцискиот план се проектирани 550.000 денари. Генералниот секретаријат информира дека конкретната активност се остварува во соработка со Канцеларијата на претседателот на Владата на РМ, Собранието и Националниот демократски институт. Меѓутоа, одговорот не е придружен со информација за висината на донаторската поддршка, ниту пак со информација за условите под кои ќе се реализира поддршката.[70]

Не е формирана **работна група за дефинирање на начинот на соработка во однос на планирање и спроведување на законодавната програма, дефинирање на усогласени правила за квалитет во законодавниот процес, вклучувајќи ја и проценката на влијанието на регулативата, зајакнување на хоризонталната поврзаност и конзистентност на правниот систем.[71]** Генералниот секретаријат достави одговор со иста содржина како и за претходната активност.[72] Собранието експлицитно одговори дека нема добиено конкретна иницијатива за формално вклучување во работната група,[73] додека МИОА го препрати барањето до ГС,[74] а СЕП до МИОА.[75]

68 Генерален секретаријат на Владата на РМ, Одговор бр. 49-3792/8
69 Собрание на РМ, Одговор бр. 37-2300/2; 2301/2; 2302/2; 2303/3
70 Генерален секретаријат на Владата на РМ, Одговор бр. 43-3793/9
71 А.1.2.5.2 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.
72 Генерален секретаријат на Владата на РМ, Одговор бр. 49-3791/10
73 Собрание на РМ, Одговор бр. 37-2300/2; 2301/2; 2302/2; 2303/3
74 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2361/2
75 Секретаријат за европски прашања, Одговор бр. 17-517/1

Во Акцискиот план не е предвидена финансиска поддршка за реализација на оваа активност.

### Мерка 2.1.6: Подобрување на системот за оценување на административните службеници

Активноста поврзана со **поедноставување на постојниот подзаконски акт и на обрасците за оценување на административните службеници**[76] е завршена и е доставена целосна документација од страна на Министерството за информатичко општество, како водечки орган. Правилникот за начинот на спроведување полугодишно интервју, формата и содржината на извештајот за полугодишното интервју, поблиските критериуми за начинот на оценување на административните службеници, поблиските критериуми за начинот на оценување на административните службеници во институциите со помалку од 20 службеници, формата и содржината на обрасците за оценување, формата и содржината на извештајот со ранг-листа на годишни оценки и содржината на извештаите и начинот на оценување на административните службеници во други околности е објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 63 од 10 април 2018 година.[77] За реализација на оваа активност е предвидена финансиска поддршка од Британската амбасада,[78] при што во Акцискиот план се проектирани 315.000 денари. Доставена е копија од Меморандумот за соработка помеѓу Министерството за информатичко општество и администрација и Британската амбасада.

### Мерка 2.3.1: Дефинирање на статусот на Академијата за стручно усовршување на административните службеници

Изработен е **предлог за соодветен модалитет за статусот на Академијата за стручно усовршување на административните службеници,**[79] во рамките на анализата на можностите за воспоставување Академија за стручно усовршување на административните службеници.[80] Предлогот и анализата не се доставени по испратеното барање.

Оваа активност е реализирана со поддршка од Центарот за управување со промени (ЦУП) во рамките на проектот „Поддршка на процесот за реформа на јавната администрација“, финансиран од Британската амбасада, при

76 А.2.1.6.1 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018–2022.
77 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2377/2
78 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр.08/3-2375/2
79 А.2.3.1.1 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018–2022.
80 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2375/2

што во Акцискиот план се проектирани 315.000 денари.[81] Доставена е копија од Меморандумот за соработка меѓу Министерството за информатичко општество и администрација и Британската амбасада.

## Мерка 3.1.1: Мапирање на институциите

**Мапирањето и групирањето на институциите според вид, статус и други релевантни информации**[82] е завршено, а податоците од оваа активност се организирани во Каталогот на институции. Анализата на законската рамка за мапирање на институциите е во фаза на последно одобрување пред истата да биде јавно достапна. Каталогот на институции е изготвен, но не е доставен по барањето, со објаснување дека истиот е во фаза на проверка и одобрување во Министерството за информатичко општество и администрација, пред да биде поставен на нивната веб-страница.[83]

Оваа активност се спроведува со финансиска и експертска помош од страна на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), а во Акцискиот план се проектирани 4.160.000 денари.[84] За изработка на Каталогот беа ангажирани следниве експерти: Даце Груберте, Александер Антоновс, Искра Малетиќ и Ивана Симјановска.[85] Во прилог е доставен Меморандумот за соработка меѓу Министерството за информатичко општество и администрација и УНДП.

## Мерка 3.2.1: Зголемување на ефикасноста во јавната служба

Изработена е **методологија за спроведување внатрешна функционална анализа во јавниот сектор**[86], како дел од проектот „Поддршка на процесот за реформа на јавната администрација", имплементиран од страна на ЦУП, во соработка со МИОА и ГС, а финансиски поддржан од Британската амбасада.[87] Доставена е копија од Меморандумот за соработка меѓу Министерството за информатичко општество и администрација и Британската амбасада.

81 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2376/2
82 А.3.1.1.1 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.
83 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-4434/2
84 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2371/2
85 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2370/2
86 А.3.2.1.1 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022. Министерство за информатичко општество и администрација, Методологија за спроведување функционална анализа во институциите од јавниот сектор (2018). Достапно на: http://www.mio.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/metodologija_za_sproveduvanje_na_fa02072018.pdf [пристапено на 10.10.2018].
87 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2434/2

МИОА информира дека во изработката на методологијата биле вклучени еден меѓународен експерт, Џери Рефо, и двајца локални експерти, Дарко Јаневски и Маргарита Иванова.[88] Нацрт-методологијата се пилотира во Министерството за труд и социјална политика и Министерството за информатичко општество и администрација, додека во Министерството за надворешни работи, внатрешната функционална анализа била направена врз основа на претходна методологија,[89] изработена во рамките на проектот финансиран од ИПА 2009 со наслов „Зајакнување на имплементацијата на Националниот систем за координација на обуките“.[90]

МНР информира дека по нивно барање упатено до МИОА во текот на јануари 2018 година е направена функционална анализа според постојната методологија во тој момент. Анализата е изработена од страна на овластениот партнер на МИОА и доставена до МНР на крајот на февруари 2018 година. Со започнување на проектот „Поддршка на процесот за реформа на јавната администрација“, овластениот партнер на МИОА иницирал спроведување на уште една внатрешна функционална анализа, во согласност со новата методологија. Договорено е дека дополнително ќе се утврди временската рамка за подготовка на нова функционална анализа, во согласност со другите реформски активности во МНР, пред сѐ оние кои се однесуваат на измените на Законот за надворешни работи.[91]

МТСП не достави информации за спроведување функционална анализа во ова министерство, меѓутоа МИОА информира дека внатрешната анализа на МТСП е во тек. Локален експерт кој работи на подготовката на внатрешната функционална анализа на МТСП е Маргарита Иванова.[92] Функционалната анализа за Министерство за информатичко општество и администрација е во завршна фаза на подготовка и, на таа основа, МИОА не ја достави на увид.[93] Локални експерти кои работат на внатрешната анализа на МИОА се Дарко Јаневски, Маргарита Иванова и Искра Белчева.[94]

88 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2433/2
89 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2433/2
90 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2369/2
91 Министерство за надворешни работи, Одговор бр. 04-10252/4
92 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2369/2
93 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-4430/2
94 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2369/2

## Мерка 3.4.2: Воспоставување механизми за планирање, имплементација и мониторинг на принципите на отворени податоци и зајакнување на свеста кај граѓаните и бизнис заедницата

**Стратегијата за отворени податоци 2018–2020** и придружниот Акциски план[95] се усвоени од страна на Владата и се јавно достапни на веб-страницата на МИОА.[96] Стратегијата за отворени податоци 2018–2020 ги дефинира стратегиските цели со кои ќе се поттикне објавување и користење на отворени податоци. Целта е да се зголеми транспарентноста и отчетноста на државните институции, да се подобри квалитетот на услугите кои тие ги нудат и, во исто време, да се поттикнат иновации во рамките на јавниот сектор и надвор од него.

Нацрт-стратегијата беше подготвена од страна на работна група која не е формирана со официјален акт и е составена од 25 членови, односно претставници од државните институции, граѓанскиот, приватниот и академскиот сектор.[97] Експертска поддршка била овозможена преку ангажман на тројца локални експерти: Бардиљ Јашари, Зоран Јаневски и Горан Ризов.[98] Работната група за Стратегијата за отворени податоци 2018–2020 одржала три работилници во врска со нацрт-стратегијата за отворени податоци (на 25.12.2017, 30.1.2018 и 11.4.2018).[99] МИОА информира дека не се подготвени заклучоци од овие работни средби и дека сите заклучоци и идеи кои произлегле од средбите се инкорпорирани во Стратегијата и во Акцискиот план.[100] Во јуни 2018 година е објавена нацрт-верзијата на Стратегијата, со повик за доставување коментари на истата.[101]

Стратегијата се изработува во рамките на проектот „Поддршка на процесот за реформа на јавната администрација“, финансиран од Британската амбасада во Скопје[102], а за таа цел во Акцискиот план се проектира 5.724.600 денари.

95 А.3.4.2.1 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.
96 Министерство за информатичко општество и администрација, Стратегија и Акциски план за отворени податоци 2018-2020 (2018). Достапно на: http://www.mio.gov.mk/?q=mk/node/1825 [пристапено на 10.10.2018].
97 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2432/2
98 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2430/2
99 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2432/2
100 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр.08/3-2432/2; 08/3-4473/2
101 Министерство за информатичко општество и администрација, Објавена нацрт-верзијата на Стратегијата и Акцискиот план за отворени податоци 2018-2020 (2018). Достапно на: http://www.mio.gov.mk/?q=mk/node/1826 [пристапено на 10.10.2018].
102 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор 08/3-2431/2

## Мерка 3.5.1: Унапредување на примената на Законот за општа управна постапка

Во тек е подготовка на **анализата на досегашната примена на Законот за општа управна постапка,**[103] која ќе содржи предлог за унапредување на конкретниот закон. За целите на подготовка на анализата е ангажиран тим од МИОА и локалниот експерт Жарко Хаџи Зафиров, чиј ангажман е покриен преку обезбедена техничка поддршка од СИГМА. Изготвен е прашалник и тој е доставен до 17 јавни органи кои имаат најголем број управни постапки и кои носат најголем број управни акти во рамките на јавната администрација, како и до второстепените комисии кои донесуваат одлуки по жалба против управните акти на јавните органи. Прашалникот[104] и листата на 17 институции[105] вклучени во анализата беа доставени по упатеното барање. Одржани се и средби со вработени од 13 институции.[106] Иако Акцискиот план го наведува Министерство за правда како една од институциите која ќе биде вклучена во имплементацијата на оваа активност, при изработката на анализата[107] не се направени консултации со оваа институција, ниту пак со Државниот управен инспекторат,[108] како тело надлежно за вршење инспекциски надзор врз спроведувањето на одредбите од Законот за општа управна постапка и подзаконските акти што произлегуваат од него. Работна група сè уште не е формирана со решение.[109]

Сè уште не е усвоен предлогот за унапредување на примената на Законот за општа управна постапка и за воспоставување точка за информирање, но се планира тој да биде интегрален дел од анализата на досегашната примена на Законот за општа управна постапка. Во изработката на предлогот се вклучени: Жарко Хаџи Зафиров – адвокат; Билјана Николовска Жагар – советник на министерот; Анета Иванова-Стојановска - советник; Ана Чубриноска – советник;, и Медина Хоџа – помлад соработник.[110]

Иако во Акцискиот план се проектирани 500.000 денари, освен експертска помош од СИГМА не е обезбедена донаторска помош за подготовка на оваа анализа.[111]

103 А.3.5.1.1 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.
104 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-4438/2
105 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-4438/4
106 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-4440/2
107 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-4439/2
108 Државен управен инспекторат, Одговор бр. 08-334/2
109 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2428/2
110 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2429/2
111 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2447/2

## Мерка 3.5.2: Подобрување на системот за одлучување во управна постапка

За подготовка на **насоките за дефинирање на процесите на донесување одлуки и делегирање на овластувања за одлучување во управна постапка**[112] се ангажирани локалните експерти Југослав Ѓорѓиевски и Жарко Хаџи Зафиров.[113]

Оваа активност се реализира во рамките на проектот ИПА ТАИБ 2012 EuropeAid/137521/IH/SER/1VIR со наслов „Поддршка на реформата на јавната администрација и зајакнување на капацитетите на МИОА“.[114] За реализација на оваа активност, во Акцискиот план се проектирани 500.000 денари.

## Мерка 4.1.2: Централно координирано управување со проектите во областа еВлада и ИКТ

Со решение на Владата[115] е формиран **Национален совет за ИКТ.**[116] Надлежностите на Националниот совет за ИКТ се: подготовка и следење на имплементацијата на Националната стратегија за ИКТ, како и давање мислење за годишните планови за јавни набавки и за техничките спецификации на тендерските документации на институциите од јавниот сектор, каде што предметот на набавките се однесува на ИКТ опрема и/или софтвер.

Националниот совет за ИКТ го сочинуваат: 1) претседател – советник за ИКТ на претседателот на Владата; 2) заменик-претседател – министер за информатичко општество и администрација, и 3) членови: заменик на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, министер за здравство, министер за финансии, министер за правда, министер за образование и наука, министер за локална самоуправа, претседател на Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС), и директор на Агенцијата за електронски комуникации.

112 А.3.5.2.1 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.
113 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-4441/2
114 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-4430/2
115 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2442/2. Влада, Решение за формирање Национален совет за ИКТ бр. 44-1318/1 (објавено во Службен весник на РМ, бр. 22 од 5.2.2018 година).
116 А.4.1.2.3 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.

Владата донела решение за проширување на Советот со следниве членови: заменик- претседателот на Владата и министер за одбрана, министерот за труд и социјална политика, министерот за правда, министерот за образование и наука и заменик-претседателот на Владата задолжен за европски прашања.

Во овој извештаен период, Националниот совет за ИКТ има одржано 5 седници.[117] За работата на Националниот совет не се предвидени буџетски средства.[118]

### Мерка 4.2.2: Подобрување на системот за квалитет

Министерството за информатичко општество и администрација го подготвило **Националниот план за управување со квалитетот во јавниот сектор за периодот 2018-2020 година.[119]**

На 15 мај 2018 година МИОА објавила повик до сите засегнати страни, институции, невладини организации и заинтересирани граѓани да испратат свои предлози, препораки и коментари за нацртот на националниот план за управување со квалитетот во јавниот сектор.[120]

Националната рамка беше усвоена на 81-та седница на Владата, одржана на 24 јули 2018 година, и е објавена на веб-страницата на МИОА.[121] Подготовката на овој документ била поддржана од Регионалната школа за јавна администрација (РеСПА), преку ангажирање на меѓународниот експерт Ник Тиџис, со поддршка од Марија Николоска Арсовска, советник во МИОА.[122]

### Мерка 4.2.3: Стандардизирање на податоците во јавните регистри и унифицирање на давањето услуги

Подготвена е **нацрт-верзија на стандардите за квалитет на податоците во системите на државните институции,[123]** со датум од 18 јануари 2016 година, чиј текст беше доставен.[124] Во 2015 година е формирана меѓусекторска работна група во која учествуваат претставници од 16

117 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-4442/3
118 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-3052/2
119 А.4.2.2.2 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.
120 Министерство за информатичко општество и администрација, Национален план за управување со квалитетот во јавниот сектор (2018). Достапно на: http://mio.gov.mk/?q=mk/node/1731 [пристапено на 10.10.2018].
121 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2442/2. Министерство за информатичко општество и администрација, Национален план за управување со квалитетот во јавниот сектор 2018-2020 (2018). Достапно на: http://www.mio.gov.mk/?q=mk/node/1957 [пристапено на: 10.10.2018].
122 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2448/2
123 А.4.2.3.1 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.
124 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-4445/2

институции, од кои 4 се претставници на високообразовните институции. Во оваа работна група[125] не се вклучени претставници од граѓанскиот сектор.

МИОА очекува овој акт да биде усвоен во март 2019 година.[126]

## Мерка 4.2.4: Поедноставување на услугите

Изработено е апликативно софтверско решение за **Каталогот на услуги,**[127] кој ќе се пополнува континуирано и ќе се ажурира во согласност со промените кои настануваат во законските акти.[128] МИОА известува дека дел од услугите ќе бидат објавени на Националниот портал на услуги. Увид во каталогот не беше овозможен.[129] Од МИОА информираат:

„Објавување на Каталогот во целост не е планирано, ниту целисходно. Во него се внесуваат голем број податоци за секоја услуга поединечно, но само дел од нив, поточно оние кои се од интерес на корисниците, ќе бидат објавени на јавната страница на Националниот портал“.[130]

Националниот портал на е-услуги за граѓаните се изработува во рамките на проект финансиран со средства од ИПА 2012, кој го спроведува Центарот за управување со промени.[131]

## Мерка 4.2.5: Воведување центри „Една точка на услуги“

Процесот на подготовки за **воспоставување пилот-центар „Една точка на услуги“**[132] е започнат и завршени се голем број активности за спроведување на истиот.[133] Документите не се споделени со образложение дека според општите правила за ИПА проекти нивното споделување, во оваа фаза, не е дозволено.

125 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2458/2
126 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-4445/2
127 А.4.2.4.1 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.
128 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-4446/2
129 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2457/2
130 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-4446/2
131 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2457/2
132 А.4.2.5.1 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.
133 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2456/2. Наведени активности: спроведена анализа за успешни примери за концептите на ЕТУ, со препорака за концепт изводлив во РМ; спроведено истражување на два објекта и простории, со финансиска анализа за потребните средства за реновирање и адаптација на просторот; спроведено истражување за корисничките очекувања; спроведено истражување за можноста препорачаните институции, најчестите даватели на услуги за граѓаните и бизнисите да учествуваат во концептот со формирана листа на предлог услуги кои во почетокот ќе можат да се добијат во рамките на функционирањето на ЕТУ; пренесена сопственост од СОЗР на МИОА и негово катастарско заведување; изработен основен и идеен проект за уредување на просторот преку спроведена набавка за услуги од проектантско биро; завршно реновирање и опремување на просторот, во согласност со изработениот проект.

Изработена е **студија за изводливоста**[134] за следни ЕТУ центри, при што се земени предвид веќе отворените интернет клубови низ РМ. Во анализата/студијата се разгледува дали тие ги исполнуваат минималните услови за воспоставување нови центри, со препораки за минималните барања во однос на опремата и проценка на потребниот буџет. Документацијата за овие активности не е доставена со образложение дека истите, според договорните правила, се сметаат за доверливи.[135]

Студијата за изводливост за ЕТУ центрите е направена од страна на странски и домашни експерти, како дел од активностите од Компонента 1 од проектот EuropeAid/1357521/IH/SER/MK, односно со поддршка од Европска Унија, преку ИПА 2012. Активноста поврзана со **развој на комуникациски план и промоција на ЕТУ**[136] сè уште не е започната.[137]

Активноста **подобрување на работењето на кол-центарот (број 15111)**[138] не е започната.[139]

## Мерка 4.3.1: Зголемување на бројот на високо софистицирани еуслуги достапни на едно место

Подготовката на **анализа на е-услуги кои се развиени и кои треба да се интегрираат во порталот, оние кои треба да се надградат на повисоко ниво и оние кои треба да се развијат**[140] за да може да се интегрираат во Националниот портал на е-услуги за граѓаните, не е започната, односно не се доставени информации кои го потврдуваат спротивното.[141] Донаторска поддршка за оваа активност е обезбедена од Европска Унија, преку ИПА 2012.[142]

**Законот за измена и дополнување на Законот за електронско управување**[143] е усвоен на 29 мај 2018 година и е објавен во Службен весник на РМ бр.99/2018.[144]

134 А.4.2.5.2 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.
135 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2387/2
136 А.4.2.5.4 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.
137 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2389/2
138 А.4.2.5.5 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.
139 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-4448/2
140 А.4.3.1.1 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.
141 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр.08/3-2461/2
142 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр.08/3-2461/2
143 А.4.3.1.3 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.
144 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-4452/2

Во меѓувреме, МИОА иницира подготовка на нов Закон за електронско управување и електронски услуги[145]. За подготовка на Законот е направен нацрт-извештај за проценка на влијанието на регулативата[146] и предлог-законот е објавен на страницата на ЕНЕР.[147]

Во октомври 2017 година е формирана работна група за подготовка на нацрт-закон за централен електронски регистар на населението и нацрт-закон за електронски услуги, во која учествуваат 14 претставници од различни институции. Во оваа работна група не се вклучени претставници од граѓанскиот сектор.[148]

Дополнително, МИОА известува дека во тек е процесот за **развој на нови и надградба и интеграција на постојните е-услуги во Националниот портал на е-услуги за граѓаните,[149]** што се спроведува со донаторска поддршка од Европската Унија, преку ИПА 2012,[150] иако погоре посочивме дека не се доставени информации со кои се докажува изработката на конкретна анализа на е-услугите кои се развиени и кои треба да се интегрираат во порталот, оние кои треба да се надградат на повисоко ниво и оние кои треба да се развијат (М.4.3.1).

Во однос на **Националниот портал на е-услуги за граѓаните[151]** е изработена анализа и концептуално решение од правен, технички и од организациски аспект.[152] Анализата не е споделена со образложение дека тоа не е возможно поради правилата на ИПА фондовите. **Промоцијата[153]** се очекува во следните месеци.[154]

Активноста се спроведува со донаторска поддршка од Европската Унија, преку ИПА 2012, со упатување на точките 1.1 до 1.3 и точките 3.1 и 3.2 од Договорот.[155] За развој и промоција на националниот портал, во Акцискиот план се проектирани 117.000.000 денари.

145 Министерство за информатичко општество и администрација, Известување за почеток на процесот за подготовка на Закон за електронско управување и електронски услуги (2018). Достапно на: https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_ann_detail&itemid=hWAHA3bkEkBOoOJ3TRk9uQ [пристапено на 10.10.2018].

146 Министерство за информатичко општество и администрација, Извештај за проценка на влијанието на регулатива за предлог-законот за електронско управување и електронски услуги (2018). Достапно на: https://bit.ly/2PGIhgL [пристапено на 10.10.2018].

147 Министерство за информатичко општество и администрација, Предлог-закон за електронско управување и електронски услуги (2018). Достапно на: https://bit.ly/2EzO9Gt [пристапено на 10.10.2018].

148 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2381/2

149 А.4.3.1.4 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.

150 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2464/2

151 А.4.3.1.5 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.

152 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2452/2

153 А.4.3.1.6 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.

154 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2453/2

155 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр.08/3-2451/2

## Мерка 4.3.2: Воведување електронски идентитет за користење е-услуги

Со цел хармонизација на домашното законодавство со eIDAS регулативата, МИОА започна процес на подготовка[156] на нов **Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.[157]**

Со овој закон се уредува и се пропишува создавањето, складирањето и обработката на електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги. МИОА, на страната на ЕНЕР, објави известување за почеток на процесот за подготовка на Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.[158] Предлог-законот е објавен на 11 септември 2018 година.[159] Нацрт-верзиите ќе бидат испратени за мислење до Европската комисија и другите релевантни организации, по што ќе бидат финализирани.[160] До моментот на подготовка на овој извештај, Законот сè уште не е усвоен.

За поддршка на **развојот на патоказ за транспонирање на eIDAS регулативата,[161]** МИОА обезбеди помош за правна експертиза од четири домашни експерти и еден меѓународен експерт во оваа правна област. Помошта и експертизата се обезбедени од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) како дел од проектот „Поддршка за Македонија", финансиран од УСАИД.[162] Поддршката се однесува на анализа на позитивната законска регулатива и учество во подготовката на Закон за електронско управување и електронски услуги и Закон за централен регистар на населението, законски решенија во чии рамки се дадени и основите за подготовка на закон со кој ќе се транспортира eIDAS регулативата, односно Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.[163] За реализација на оваа активност, во Акцискиот план се предвидени 450.000 денари од РеСПА.

156 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр.08/3-2455/2

157 А.4.3.2.1 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.

158 Министерство за информатичко општество и администрација, Известување за почетокот на процесот за подготовка на Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги (2018). Достапно на: https://ener.gov.mk/default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_ann_detail&itemid=NywWTHQTh-PnqZxK/MiFlmg [пристапено на 10.10.2018].

159 Министерство за информатичко општество и администрација, Предлог-закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги (2018). Достапно на: https://bit.ly/2QZGHpn [пристапено на 10.10.2018].

160 Министерство за информатичко општество и администрација, Објавени се Законот за централен регистар на населението, Законот за електронско управување и електронски услуги и Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги. Достапно на: http://www.mio.gov.mk/?q=mk/node/1988 [пристапено на 10.10.2018].

161 А.4.3.2.1 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.

162 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2454/2

163 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2454/2

## Мерка 4.3.3: Дигитализирање на регистрите за давање услуги

Развојот на решение за **Централен електронски регистар на населението,**[164] како активност од Стратегијата, е започнат. Анализата е направена од страна на странски и домашни експерти, како дел од активностите во рамки на Компонента 1 од проектот EuropeAid/137521/IH/SER/MK. Истата не е споделена поради придржување до правилата на ИПА проектите.[165]

Дополнително, МИОА известува дека е обезбедена поддршка со правни експерти од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) во рамки на проектот „Поддршка за Македонија", имплементиран од АЕКОМ и финансиран од УСАИД. Поддршката се однесува на анализа на позитивната законска регулатива и учество во подготовката на Закон за електронско управување и електронски услуги и Закон за централен регистар на населението, законски решенија во чии рамки се дадени и основите за подготовка на закон со кој ќе се транспонира eIDAS регулативата, односно Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.[166] За изработка на анализата за развој на централен електронски регистар на населението беше ангажиран тим од експерти, предводен од Васко Кроневски, а како краткорочни експерти беа ангажирани: Игор Андоновски, Јане Јовановски, Елена Станоевска, Весна Џутевска, Диња Елит, Љупчо Јовановски, Никола Ордевски, Матеа Недкова и Слободан Ставревски.[167]

Во октомври 2017 година е формирана работна група за подготовка на нацрт-закон за централен електронски регистар на населението и нацрт-закон за електронски услуги, во која учествуваат 14 претставници од различни институции. Во оваа работна група не се вклучени претставници од граѓанскиот сектор [168].

164 А.4.3.3.3 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.
165 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2380/2
166 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2379/2
167 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-4462/2
168 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2381/2

МИОА објавува известување за почеток на процесот,[169] проценка на влијанието на регулативата[170] и предлог-закон за централен регистар на населението.[171] **Законското решение[172]** со кое се регулира Централниот електронски регистар на населението кое сѐ уште не е усвоено.[173]

169 Министерство за информатичко општество и администрација, Известување за почетокот на процесот за подготовка на Закон за централен регистар на населението (2018). Достапно на: https://www.ener.gov.mk/default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_ann_detail&itemid=rozw4hqUYyoY2/MKscqaog .[пристапено на 10.10.2018].
170 Министерство за информатичко општество и администрација, Нацрт-извештај за проценка на влијанието на регулативата за Законот за централен регистар на населението (2018). Достапно на: https://bit.ly/2yoKS7u [пристапено на 10.10.2018].
171 Министерство за информатичко општество и администрација, Предлог-закон за централен регистар на населението (2018). Достапно на: https://bit.ly/2P6VEsA [пристапено на 10.10.2018].
172 А.4.3.3.4 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.
173 Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор бр. 08/3-2381/2

# 6. Финансиска поддршка на реализација на активностите од акцискиот план

Стратегијата содржи проекција на потребните финансиски средства за нејзината целокупна реализација. Па така, од вкупниот износ од 2.354.683.700 денари (нешто повеќе од 38 милиони евра), 49% се наменети за областа давање услуги и ИКТ поддршка на администрацијата, 33% за областа креирање политики и координација, 16% за областа одговорност, отчетност и транспарентност, и 1% за јавна служба и управување со човечки ресурси.

**Планирани средства за реализација на стратегијата** Вкупно предвидени средства: 2.364.683.700 ден.



Во однос на изворите на финансирање, доминантно учество се очекува од Европската Унија (56% од вкупниот износ), додека буџетот на државата ќе учествува со 34% од предвидените средства. Се очекува останатите средства да се обезбедат од други извори на финансирање.

Планирани извори на финансирање

Вкупно предвидени средства: 2.364.683.700 ден.



За Акцискиот план е карактеристично тоа што за сите планирани активности е направена проценка на средствата потребни за нивно реализирање и е наведен потенцијалниот извор на финансирање.

**Проектирани извори на финансирање за активностите од првиот квартал на 2018 година**

Вкупен број активности: 32




Оттука, за активностите кои се планирани за реализација во првиот квартал од 2018 година е проектирана следнава финансиска рамка: осум активности се предвидени да се реализираат со донаторска поддршка во вкупна вредност од 5.560.000 денари, која допрва треба да се обезбеди; четири активности, во вредност од 7.351.200 денари, ќе се реализираат со поддршка од Британската амбасада; две активности, во вредност од 4.501.700 денари, ќе се реализираат со поддршка од УНДП; една активност, во вредност од 250.000 денари, ќе се реализира со буџетски средства; една активност, во вредност од 450.000 денари, ќе се реализира со поддршка од РеСПА; за седум активности чијашто реализација е предвидена со финансиска поддршка од Европската Унија, Акцискиот план не наведува проценка на трошоците, додека реализацијата на девет активности не налага потреба од финансиски средства.

Според добиените одговори, постојат мали отстапувања меѓу она што е планирано и реализирано. Се јавуваат нови донатори, како СИГМА, ИРИ и НДИ, меѓутоа нивната поддршка е најчесто од техничка природа,

преку обезбедување соодветна експертиза. Кај една активност, чијашто реализација иницијално е предвидена со буџетски средства, институциите тврдат дека не се потребни никакви финансии.[174]

Според Генералниот секретаријат на Владата на РМ, во чијашто надлежност спаѓаат, четирите активности за кои не е обезбедена финансиска поддршка (и чијашто вредност во Акцискиот план се проценува на 3.110.000 денари), се реализирани, односно анализите се изработени и истите се пратени на разгледување, со барање за произнесување од страна на други засегнати институции. Во вакви ситуации се наметнуваат неколку прашања: дали иницијалните проценки за буџетските импликации се реални, имајќи предвид дека активноста може да се реализира и без финансиската поддршка што е проектирана; дали на административните службеници им се наметнува преголем товар; дали вака спроведените анализи го имаат потребниот квалитет, итн.

**Извори на финансирање за активностите од првиот квартал на 2018 година**

Вкупен број активности: 32




Доколку се анализира доставената документација во однос на склучените договори, може да се укаже на следново:

174 А.4.1.2.3 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.

За активноста анализа на системот, механизмите и телата за донесување одлуки на Владата на РМ (Генералниот колегиум на државни секретари и основните комисии на ВРМ)[175] е обезбедена донација која не е изразена во финансиски средства, туку во техничка помош (преку координација на експерти во соодветните области) обезбедена од Меѓународниот републикански институт (ИРИ). Во овој случај, Генералниот секретаријат на Владата не го достави на увид договорот склучен со ИРИ. Слично на тоа, реализацијата на активноста подготовка на анализа за досегашната примена на ЗОУП,[176] е обезбедена техничка поддршка од СИГМА, преку ангажирање локален експерт, при што МИОА во својот одговор не достави никакви други информации.

Со помош на локални експерти е изработен предлог за соодветен модалитет за статусот на Академијата за стручно усовршување на административните службеници,[177] во рамките на проектот „Поддршка на процесот за реформа на јавната администрација", имплементиран од Центарот за управување со промени и финансиран од Британската амбасада во Скопје. Министерството за информатичко општество и администрација достави копија од Меморандумот за соработка со Британската амбасада. Истиот е потпишан на 30 ноември 2017 година, со важност до 31 март 2018 година, додека предвидениот буџет за проектот изнесува 248.830 фунти.

За активноста мапирање и групирање на институциите според статусот и видот,[178] како и за активноста подготовка на Каталог на институции[179] е искористена експертска помош која е реализирана преку поддршка од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП). Меморандумот за соработка, кој ни е доставен од МИОА, е потпишан на 19 декември 2017 година и има рок на важење од две години, сметано од денот на потпишувањето, со можност за продолжување за уште две години. За предметот на меморандумот, односно реализацијата на двете активности, е предвиден буџет од 60.000 долари за периодот јануари - мај 2018 година.

За реализација на активноста формирање Комисија за ИКТ проекти[180] во Акцискиот план се предвидени трошоци во износ од 250.000 денари, кои треба да се обезбедат од државниот буџет. Меѓутоа, во одговорот од Генералниот секретаријат на Владата е наведено дека за работата на Националниот совет за ИКТ, кој меѓудругото има надлежност да дава мислење за годишните планови за јавни набавки и за техничките

175 А.1.3.3.1 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.
176 А.3.5.1.1 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.
177 А.2.3.1.1 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.
178 А.3.1.1.1 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.
179 А.3.1.1.2 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.
180 А 4.1.2.3 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.

спецификации на тендерските документации на институциите на јавниот сектор, каде што како предмет на набавка е ИКТ опрема и/или софтвер, не се предвидени буџетски средства.

За активностите кои се реализираат со средства од ИПА, МИОА достави информации за договор со референтен број EuropeAid/137521/IH/SER/1VIR со наслов „Поддршка за РЈА и зајакнување на капацитетите на МИОА". Вредноста на овој договор изнесува 1.349.000 евра и тој е потпишан на 8 ноември 2016 година, со рок на важност до 7 јули 2018 година, односно до 30 септември 2018 година по склучувањето на анекс на договорот. Доставеното секторско фише вклучува генерален опис на активностите, меѓутоа ниту во Акцискиот план, ниту во фишето не е утврдена вредноста на индивидуалните активности, туку е дадена кумулативната вредност на договорот за набавка на услуги.

За реализирање на активноста развој на патоказ за транспонирање на *eIDAS* регулативата,[181] МИОА достави информација за неуспешен обид да се ангажира експерт кој ќе изработи нацрт-концепт за спроведување на eIDAS регулативата, користејќи идентификувани модели за имплементација на истата и патоказ со дефиниран начин за примена на членовите од регулативата на ЕУ, со поддршка на РеСПА. Сепак, МИОА обезбедила соодветна помош за правна експертиза, преку ангажирање четири домашни и еден меѓународен експерт од оваа правна област, со поддршка од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) во рамки на проектот „Поддршка за Македонија", имплементиран од АЕКОМ и финансиран од УСАИД. Поддршката се однесува на анализа на позитивната законска регулатива и учеството во подготовката на Закон за електронско управување и електронски услуги и Закон за централен регистар на населението, во рамките на кои се дадени и основите за подготовка на закон со кој ќе се транспонира eIDAS регулативата, односно Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги. Договорот за проектот „Поддршка за Македонија" не беше даден на увид.

181 А.4.3.2.1 од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.

# 7. Заклучни коментари

Поголемиот број активности кои се планирани да почнат и да се реализираат во првиот квартал од 2018 се започнати навреме и нема значително задоцнување во овој период. Од вкупно 32 активности од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022 за кои е предвидено да започнат во првиот квартал, целосно се реализирани 7 активности (22%), во тек се 18 активности (56%), а не се започнати 7 активности (22%).

Во овој извештај за периодот февруари - јуни 2018 година не постои можност да се оцени како активностите конкретно придонесуваат кон ефективно постигнување на посебните и општите цели од Стратегијата.

Иако само на 4% од барањата за слободен пристап до информации не е доставен одговор во законски пропишаниот рок, фактот што само за 32% од активностите е доставена комплетна документација за реализација на активностите, не упатува на заклучокот дека клучниот предизвикот сега е во добивање на суштински одговор, а не молк на администрација. Во овој период, поголемиот број документи изработени од страна на институциите се класифицирани како доверливи, повикувајќи се на правилата од договорите, додека голем број од изработените документи и анализи се во процес на усвојување од страна на надлежните органи пред да бидат достапни на јавноста.

Пристап до информациите кои ги имаат институциите во најголема мера се обезбедува по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, што значи дека во иднина треба да се работи на проактивна транспарентност. Отчетноста и транспарентноста на институциите зависи од тоа дали и колку институцијата е отворена да достави целосни и содржински одговори.

Во поголемиот број од одговорите, информациите беа парцијални, што повлече доставување на дополнителни барања за слободен пристап до информации, со цел да се добијат содржински одговори и со сигурност да се утврди степенот на реализација на одредени активности за целите на овој извештај. Посебно тешко беше да се добијат содржински одговори од Генералниот секретаријат на Владата.

Голем број институции, во нивните стратегиски документи, не ги рефлектираат обврските што ги презеле со Акцискиот план. Во нивните одговори, институциите се залагаат дека во наредниот период ќе спроведат активности за усогласување на нивните стратегиски планови, годишни и оперативни програми, за тие да ги рефлектираат обврските преземени во рамките на Стратегијата за реформи во јавната администрација 2018-2022 и Акцискиот план.

Кај заедничките активности, постои недоволна координацијата помеѓу водечкиот орган и другите органи назначени за спроведување на заедничките активности од Акцискиот план. Дополнително, институциите кои се јавуваат како имплементатори, но не и водечки органи за спроведување одредена активност, ја префрлаат одговорноста за спроведување, координација и информирање на водечкиот орган, избегнувајќи на тој начин секаква одговорност за преземените обврски.

Постои неконзистентност помеѓу реалниот статус на реализација на активностите, каде што ГС се јавува како водечки орган, и информациите кои ГС ги дава како одговор на барањата за слободен пристап до информации. Иако ГС презема мерки за спроведување на активностите, одговорите доставени од оваа институција не укажуваат на конкретни мерки, ниту пак вклучуваат содржински информации. Ова укажува на недостиг на информации помеѓу државните службеници во самата организација или отсуство на волја да се споделат содржински информации за работата на Генералниот секретаријат со јавноста.

Главни надворешни донатори кои го поддржуваат реализирањето на активностите во Акцискиот план се Европската Унија, Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Британската амбасада. Од добиените одговори може да се забележат мали отстапувања помеѓу она што е планирано и реализирано. Се јавуваат нови донатори, како СИГМА, ИРИ и НДИ, меѓутоа нивната поддршка е најчесто од техничка природа, преку обезбедување соодветна експертиза. За една активност, чијашто реализација била иницијално предвидена со буџетски средства, институциите тврдат дека не се потребни никакви финансии.

За четири активности од првиот квартал во 2018 година сè уште не се обезбедени финансиски средства за нивна реализација.

# 8. Препораки

Овој извештај дава сублимирани препораки за водечките органи и за другите органи кои се вклучени во реализацијата на Стратегијата и Акцискиот план:

- Тимот, Секретаријатот и Советот за РЈА треба да ја зајакнат својата улога како тела за следење на спроведувањето на Стратегијата и Акцискиот план, и да продолжат со подготовка на Оперативен план за секоја од областите со детална елаборација на чекорите и роковите за спроведување на активностите, како и индикаторите за мерење на напредокот и успехот во постигнувањето на целите. Во насока на надминување на недоволната координација меѓу институциите, потребни се заложби за искористување на механизмите за координација и соработка предвидени во Стратегијата, односно потребно е да се активираат координаторите (контакт-лицата) за РЈА, со цел да се обезбеди поуспешно управување со процесите кои се утврдени во Акцискиот план;
- Тимот, Секретаријатот и Советот за РЈА треба на систематски начин да ги објавуваат записниците и одлуките од своите состаноци, со цел да се обезбеди повисоко ниво на транспарентност во нивната работа;
- За да се обезбеди стручност и експертиза на членовите на Тимот за РЈА во сите приоритетни области од Стратегијата, потребно е да се направи поделба на нивните обврски и надлежности;
- Подготвување насоки и едукација на ангажираните административни службеници во телата на оперативно ниво, со цел поефикасно извршување на нивните работни задачи;
- Ажурирање на стратегиските документи на органите, со цел тие да ги одразуваат преземените обврски од Акцискиот план на СРЈА;
- Одговорите на институциите по барањата за слободен пристап до информации треба да бидат појасни и да содржат целосни информации, поддржани со соодветна документација во прилог;
- Потребно е градење експертиза во институциите за спроведување истражувачки активности и анализи, со цел да се избегне сегашната зависност од донаторска помош во јавната администрација;
- Институциите треба навремено да предвидат и да планираат буџетски средства за следната година, за реализација на активностите за кои досега не е обезбедена финансиска поддршка;
- МИОА и МФ треба да ги утврдат вкупните трошоци за спроведување на Стратегијата за РЈА 2018-2022 и редовно да известуваат за нив на годишна основа, поделени за секоја од вклучените клучни институции;

- Проектираниот буџет во Акцискиот план треба да биде ажуриран со реално обезбедените финансиски средства на местата каде што се обезбедени дополнителни финансиски средства;

- Институциите треба да се поттикнат да ја применуваат активната транспарентност. Креирање на листа на документи кои што министерствата согласно закон се обврзани да ги објават на своите веб-страни, е еден од модалитетите за унапредување на состојбите. Меѓутоа неопходно е на институциите да им се објасни дека со објавување на конкретнире документи од листата, нивната обврска за активна транспаретност не е исцрпена.

- Потребно е активно вклучување на граѓанскиот сектор во имплементацијата и во следењето на СРЈА, како и во процесот на креирање политики;

- МИОА треба да се придржува кон преземената обврска во Стратегијата за обезбедување навремена подготовка на оперативните планови, кои детално ќе ги разработат чекорите и роковите за спроведување на активностите, како и индикаторите за мерење на напредокот во однос на постигнување на целите.

# 9. Анекси

# АНЕКС 1: Преглед на статус на активностите

| Бр. | Број на активност | Краток опис | Статус на имплементација на активноста | Финансиска поддршка |
|---|---|---|---|---|
| | A.1.1.1.1 | • анализа на регулативата и практиките во однос на системот за подготвување, усогласување, следење и известување на планските документи;<br>• анализа на примерок од усвоени стратегии, со цел да се утврдат недостатоците;<br>• компаративна анализа и анализа на најдобрите практики за секторските стратегии; | • во тек;<br>• документација не е достапна; | • проектирани се 980.000 денари од потенцијален донатор;<br>• средствата не се обезбедени; |
| | A.1.1.2.1 | • анализа на интерните процеси, функции и човечки капацитети за стратегиско планирање во министерствата и во другите органи на државната управа; | • во тек;<br>• документација не е достапна | • проектирани се 630.000 денари од потенцијален донатор;<br>• средствата не се обезбедени; |
| | A.1.2.4.2 | • зајакната контрола на постојните механизми предвидени во Деловникот и во методологијата за ПВР; | • не е започната; | • не се потребни финансиски средства; |
| | A.1.3.1.1 | • внатрешна функционална анализа на ГС; | • во тек;<br>• документација не е достапна; | • проектирани се 600.000 денари од потенцијален донатор;<br>• средствата не се обезбедени; |
| | A.1.3.2.1 | • анализа на регулативата и практиките во однос на механизмите за координација меѓу ГС, МФ, МИОА, СЕП и СЗ;<br>• подготовка на предлог за унапредување на механизмите за координација меѓу ГС, МФ, МИОА, СЕП и СЗ; | • во тек;<br>• документација не е достапна; | • проектирани се 900.000 денари од потенцијален донатор;<br>• средствата не се обезбедени; |
| | A.1.3.3.1 | • анализа на системот, механизмите и телата за донесување одлуки при ВРМ;<br>• анализа на оптовареноста на ВРМ со несуштински одлуки;<br>• Анализа за утврдување на потребното ниво за донесување одлуки и категоризација на одлуки кои ги донесува Владата и одлуки кои ги донесуваат министерствата; | • во тек;<br>• документација не е достапна | • проектирани се 900.000 денари од потенцијален донатор;<br>• обезбедена поддршка од ИРИ (не во финансиски средства, туку во експертиза); |
| | A.1.3.5.1 | • анализа на регулативата и практиките во однос на соработката меѓу Владата и Собранието;<br>• подготовка на предлог за воведување ефикасни механизми за координација и соработка; | • не е започната | • проектирани се 550.000 денари од потенцијален донатор;<br>• обезбедена поддршка од НДИ (не е специфицирано во која форма) |

| Бр. | Број на активност | Краток опис | Статус на имплементација на активноста | Финансиска поддршка |
|---|---|---|---|---|
| | A.1.2.5.2 | • работна група за дефинирање на начинот на соработка во однос на планирањето и спроведувањето на законодавната програма, дефинирање на усогласени правила за квалитет во законодавниот процес, вклучувајќи ја и ПВР, зајакнување на хоризонталната поврзаност и конзистентноста на правниот систем; | • не е започната; | • не се потребни финансиски средства; |
| | A.2.1.6.1 | • поедноставување на постојниот законскиот акт и на обрасците за оценување на административните службеници; | • завршена;<br>• доставена е целосна документација; | • проектирани се 105.000 денари од Британската амбасада;<br>• обезбедена е поддршка од Британската амбасада; |
| | A.2.3.1.1 | • подготовка на предлог-модалитет за статусот на Академијата; | • завршена;<br>• документација не е доставена; | • проектирани се 315.000 денари од Британската амбасада;<br>• обезбедена е поддршка од Британската амбасада; |
| | A.3.1.1.1 | • мапирање и групирање на институциите според статусот и видот; | • завршена;<br>• доставена е целосна документација; | • проектирани се 4.160.000 денари од УНДП;<br>• обезбедена е поддршка од УНДП; |
| | A.3.1.1.2 | • подготовка и објавување на каталог на институциите; | • во тек;<br>• документација не е достапна; | • проектирани се 341.700 денари од УНДП;<br>• обезбедена е поддршка од УНДП; |
| | A.3.2.1.1 | • развивање методологија за спроведување на внатрешна функционална анализа и пилотирање во МИОА, МНР и МТСП; | • во тек;<br>• доставена е делумна документација; | • проектирани се 1.206.600 денари од Британската амбасада;<br>• обезбедена е поддршка од Британската амбасада; |
| | A.3.4.2.1 | • анализа и подготовка на Стратегија за отворени податоци, вклучително и одржување консултации; | • завршена;<br>• доставена е целосна документација; | • проектирани се 5.724.600 денари од Британската амбасада;<br>• обезбедена е поддршка од Британската амбасада; |
| | A.3.5.1.1 | • анализа на досегашната промена на ЗОУП;<br>• предлог за унапредување на примената на ЗОУП; | • во тек;<br>• доставена е делумна документација; | • проектирани се 500.000 денари од потенцијален донатор;<br>• не е обезбедена финансиска, туку само техничка помош од СИГМА; |
| | A.3.5.2.1 | • подготовка на насоки за дефинирање на процесите за донесување одлуки и делегирање на овластувањата за одлучување во управна постапка; | • во тек;<br>• документација не е достапна | • проектирани се 500.000 денари од потенцијален донатор;<br>• обезбедена е поддршка од ЕУ, преку ИПА; |

| Бр. | Број на активност | Краток опис | Статус на имплементација на активноста | Финансиска поддршка |
|---|---|---|---|---|
| | A.4.1.2.3 | • формирање Комисија за ИКТ проекти; | • завршена;<br>• доставена е целосна документација; | • проектирани се 250.000 денари од Буџетот на РМ;<br>• не се предвидени буџетски средства |
| | A.4.2.2.2 | • донесување Национална рамка за управување со квалитетот во институциите; | • завршена;<br>• доставена е целосна документација; | • не се потребни финансиски средства; |
| | A.4.2.3.1 | • усвојување стандарди за квалитет на податоците; | • во тек;<br>• доставена е целосна документација; | • не се потребни финансиски средства; |
| | A.4.2.4.1 | • пополнување на Каталогот на услуги; | • во тек;<br>• доставена е делумна документација; | • не се потребни финансиски средства; |
| | A.4.2.5.1 | • воспоставување пилот центар „Една точка за услуги“; | • во тек;<br>• документација не е доставена | • не се потребни финансиски средства; |
| | A.4.2.5.2 | • изработка на студија за изводливост и минимум услови за воспоставување ЕТУ; | • во тек;<br>• документација не е доставена; | • упатување на А. 4.2.4.7;<br>• проектирани се 117.000.000 денари од ЕУ, преку ИПА;<br>• обезбедена е поддршка од ЕУ, преку ИПА; |
| | A.4.2.5.4 | • развој на комуникациски план и промоција на ЕТУ центрите; | • не е започната; | • упатување на А. 4.2.4.7;<br>• проектирани се 117.000.000 денари од ЕУ, преку ИПА; |
